МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: ГРАЃАНСКО ПРАВО

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

Платниот налог во македонскиот правен систем и европското законодавство

СТУДЕНТ: ЕЛЕНА ЈОВАНОВ
БРОЈ НА ИНДЕКС: М227009
МЕНТОР: (ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА СПИРОСКА)

Свети Николе, 2023

СОДРЖИНА

Апстракт 1

Вовед 3

1. I. Платниот налог во македонскиот правен систем 7
1.Поим и карактеристики на платен налог..... 7
2.Видови на платен налог..... 7
3.Судски платен налог 9
3.1 Постапка по судски платен налог..... 10
Пример 1:Решение за издавање судски платен налог 12
3.2.Процесно правен аспект на платен налог во РСМ 13
3.3.Постапка по приговор на судски платен налог 14
4.Нотарски платен налог 18
4.1 Поим и карактеристики на нотарски платен налог 18
4.2.Основ за издавање на решение за нотарски платен налог 23
4.3. Постапка по предлог за издавање на решение за нотарски платен налог 25
4.4. Приговор против решението со кое е издаден нотарски платен налог 32
4.5 Потврда за правосилност и извршност..... 34
4.6. Укинување на потврда за правосилност и извршност..... 35
4.7. Трошоците во врска со предлог за укинување на потврдите за правосилност и за звршност..... 36
4.8.Достава на писмената од нотар 38
5.Постапка на судот по приговор по нотарски платен налог 41

5.1 Оцена на приговорот по нотарски платен налог..... 41
Табела бр.1
Споредба судски платен налог и нотарски платен налог по однос на правен лек..... 42
5.2 Постапување на суд по приговор..... 43
5.3.Одлуки на судот по приговор..... 43
5.4 Право на правен лек 44
Пример 2 -Пресуда со која делумно се усвојува приговор..... 45
6. Методологија на истражувањето..... 47
6.1.Метод на прибирање податоци по пат на писмено известување..... 47
6.2.Резултати од прибирањето податоци по пат на писмено известување..... 49

6.2.1 Резултати од прибирањето податоци по пат на писмено известување од Основните судови во земјата за судски платни налози.....49

Табела 2 -Постапување по тужба за издавање на судски платен налог на Основните судови за 2020,2021,2022 година.....53

Графички приказ за постапување по тужба за издавање на судски платен налог на Основните судови за 2020,2021,2022 година 54

6.2.2 Резултати од прибирањето податоци по пат на писмено известување од Основниот суд Кочани за постапување по приговор на нотарски платен налог.....55

Табела број 3-Постапување по приговори на решение за издавање на нотарски платен налог во Основен суд Кочани за 2020,2021,2022 година и заклучно со 30 јуни 2023 година..... 56

Графички приказ на Постапување по приговори на решение издавање на нотарски платен налог во Основен суд Кочани за 2020,2021,2022 година и заклучно со 30 јуни 2023 година.....57

II. Платниот налог во европското законодавство..... ..59

7. Правните извори на европското граѓанско процесно право.....59

7.1 Поим на европски платен налог 61

7.2.Причини за воведување на европскиот платен налог како инструмент во комунитарното право.....62

7.3.Подрачје на примена на Регулативата 1896/2006..... ..64

7.4. Постапка за издавање на европски платен налог.....66

7.5.Иницирање на постапката за издавање на европски платен налог и содржина на барањето за издавање на европски платен налог.....70

7.6 Постапување на судот по приемот на барањето за издавање на европски платен налог и издавање на европски платен налог.....72

7.7 Достава на европски платен налог на тужениот.....74

7.8 Оспорување на Европски платен налог 76

7.9 Укинување на егзекватурата.....78

7.10 Европа без егзекватура-отворени прашања.....79

7.11 Преиспитување во вонредни случаи.....80

7.12 Извршување на европскиот платен налог 81

7.13 Одбивање, запирање и ограничување на извршувањето..... 82

8.Примената на Европски платен налог во Хрватска како земја членка на Европската Унија 84

8.1 Постапката во врска со издавањето на Европскиот платен налог во Република Хрватска.....84

Табела бр.4 Преглед на податоци од P-eu регистар од 1 декември 2020 година, за период од 2015 година до 2020 година 91

8.2 Судски такси во постапка по европски платен налог.....92

Табела 5 Преглед за плаќање на судска такса.....93

9.Судска пракса од Судот на правдата како пример за практична примена.....95

Заклучок 108

Користена литература 111

Прилози:

Прилог 1.Барање за податоци од Основните судови 114

Прилог 2:Барање за податоци од нотари 116

Прилог 3: Барање за податоци од Основен суд Кочани 119

Користени кратенки:

РСМ-Република Северна Македонија,

ЗПП-Закон за парничната постапка,

ЗН-Закон за нотаријат,

ЕУ-Европска унија,

ЗИД-Закон за изменување и дополнување

АПСТРАКТ

Едно од прашањата кое е актуелно во континуитет повеќе години наназад, а се провлекува и секојдневно, во наплатата на побарувањата на доверителите поради неможноста правните или физичките лица да си ги платат обврските доспеани за користени услуги, извршени работи или купена, а ненаплатена стока, ме поттикна да го објаснам и доловам токму платниот налог како еден од можеби не најдобрите, но најсигурните начини на наплата на побарувањата на деловните субјекти. Во зависност, секако, од волјата на доверителот и на должникот, нивната доверба и развиената соработка и видот и обемот на побарувањата и доколку по пат на опомена за наплата на долгот, доброволно не е извршена негова наплата.Наплата на побарувањата согласно македонското законодавство, надлежно е поделена и може да се врши судски, односно нотарски, преку поднесување предлог за донесување судски платен налог или предлог во постапка за донесување решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа. Овие можности за наплата на побарувањата од законски правен аспект се регулирани со Законот за нотаријат, како и со последните измени на Законот за парнична постапка од 2015 година, што се однесуваат на судскиот платен налог (чл. 417 до 428). Измените на Законот за парничната постапка во делот на судски платен налог, од чија примена е поминат подолг временски период ја налагаат потребата да се утврди дали оваа постапка и овој правен инструмент го користат странките, ако обврската треба да ја исполнат во странство. Предмет на овој труд, покрај платниот налог во македонското законодавство е и анализа на законското уредување во европското законодавство и судската пракса на европскиот платен налог како граѓанско правен институт на граѓанското процесно право на државите членки на ЕУ. Со европскиот платен налог, без потреба на знаење на јазиците на земјите кои се членки на Европската Унија, може да се наплати побарувањето од странки, физички и правни лица. Целта е да се добие сознание колку се поттикнати и колку го користат правните и физичките лица од државите на земјите членки на Европската Унија, европскиот платен налог како правен инструмент за наплата на побарувањата од странски физички и правни лица.

Клучни зборови: судски платен налог, нотарски платен налог, европски платен налог, наплата во странство, доспеаност.

ABSTRACT

One of the issues that has been current for many years, and continues daily, in the collection of creditors' claims due to the inability of legal entities or natural persons to pay their obligations due for services used, works performed or goods purchased but not paid for. encouraged me to explain and capture precisely the payment order as one of the perhaps not the best, but the most reliable ways of collecting the claims of business entities. Depending of course on the will of the creditor and the debtor, their trust and the developed cooperation and the type and volume of the claims and if by means of a warning for the collection of the debt, its collection has not been carried out voluntarily. Collection of the claims in accordance with the Macedonian legislation is competently divided and can be carried out judicially, i.e. notarially, by submitting a proposal for the adoption of a judicial payment order or a proposal in a procedure for making a decision allowing execution on the basis of a reliable document. These possibilities for the collection of claims from a legal and legal aspect are regulated by the Law on Notary as well as by the latest amendments to the Law on Civil Procedure from 2015, which refer to the court payment order (Art. 417 to 428). The amendments to the Law on Civil Procedure in the section on court payment orders, since the application of which a long period of time has passed, require the need to determine whether this procedure and this legal instrument are used by the parties if they have to fulfill the obligation abroad. The subject of this paper in addition to the payment order in the Macedonian legislation, there is also an analysis of the legal arrangement in the European legislation and the judicial practice of the European payment order as a civil legal institute of the civil procedural law of the EU member states. With the European payment order, without the need to know the languages of the countries which are members of the European Union, the claim can be collected from parties, natural and legal persons. The goal is to gain knowledge of how encouraged and how much legal and natural persons from the member states of the European Union use the European payment order as a legal instrument for the collection of claims from foreign natural and legal persons.

Keywords: judicial payment order, notary payment order, European payment order, collection abroad, maturity.

ВОВЕД

Платниот налог е правен инструмент на граѓанското процесно право гледано од аспект на постапката за издавање платен налог како еден од инструментите за наплата на доверителите, како во македонскиот правен систем така и во европското законодавство.

Постапката на издавање платен налог е поделена за постапување пред судовите и пред нотарите, иако во суштина постапката која се спроведува пред нотарите не е процесна – парнична. Во текот на 2015 година, согласно Законот за парничната постапка во делот на постапката за издавање платен налог беа внесени измени, и се направи целосна дистинкција помеѓу постапката за нотарски платен налог што се води според одредбите на Законот за нотаријатот и постапката која продолжува по изјавениот приговор против решението за издавање нотарски платен налог пред основен суд кој постапува исклучиво според одредбите на Законот за парничната постапка, притоа не земајќи ги предвид контролните механизми кои судот ги има во поглед на правилната примена на Законот за нотаријатот од страна на нотарот во постапката којашто се води според тој закон.

Темата за изработка на овој труд е собирање податоци од праксата, а во врска со работите и дејствија кои се од делокругот на нотарите кои постапуваат по предлозите за издавање решение за нотарски платен налог, во однос на прашањата колку предлози за издавање решение врз основа на веродостојна исправа има донесено во последните три години и по колку решенија има поднесено приговор. Во однос на постапката пред судовите, при издавање на судски платен налог и постапувањето на судовите по приговорите на решение за издаден нотарски платен налог и за тоа колку судски платни налози има донесено од судовите на РСМ во последните три години.

Освен тоа предмет на ова истражување е примената (имплементацијата) на позитивните законски прописи во однос на платен налог, односно дали е добиено поквалитетно законско решение од кое граѓаните добиле поквалитетна заштита на правата и слободите, а адвокатите и судиите – извесност во својата работа.

Што се однесува пак, до просторното определување на предметот на истражувањето, тоа е извршено на македонскиот правен систем и европското законодавство, посебно задржувајќи се на постапката за европскиот платен налог која

е осмислена како алтернативна постапка на националните парнични постапки за издавање платен налог.

Примарната цел на истражувањето е објаснување на поимите: изнаоѓање сигурен начин на наплата, одбегнување на водење скапи и долги постапки и добивање дури и прифатливо решение од заеднички интерес за двете страни.

Секундарната цел на истражувањето е утврдување на факторите што влијаат побрзо а и позитивно да се издаде платниот налог, како фактори ќе се разгледаат причините за отфрлање на платните налози во смисла на веродостојноста на исправите, едуцираноста на странките што придонесува за побрзо завршување на започнатата постапка дали воведувањето на европскиот платен налог во европското законодавство е прифатено и се користи од земјите членки.

Во истражувањето, како независна варијабла е вистинската состојба на наплатата на побарувањата преку постапка пред нотар и суд и користењето на европскиот платен налог како правен инструмент во европското законодавство.

Во ова истражување ќе се опфатени нотарите како повереници на Основен суд Кочани на ова подрачје, судските службеници кои водат уписници по платните налози во Основен суд Кочани како и судските службеници кои водат уписници во судовите во делот на судски платен налог во останатите судови на подрачјето на РСМ (во однос на судскиот платен налог податоците ќе се прибираат од сите судови поради малиот број вакви предмети и специфичноста на активно легитимираниот подносител на судскиот платен налог чија обврска ќе се врши во странство и треба да е странско правно или физичко лице).

Дескриптивниот метод и методот на теоретска анализа кои се искористени во текот на истражувањето, се со цел да се реализираат поставените задачи. Со помош на овие методи е опишана постапката по платен налог во македонскиот правен систем, застапеноста на платниот налог и примената на овој правен инструмент од страна на странките.

Истражувањето понатаму продолжува со прибирање податоци со поднесување на барање, согласно Законот за пристап до информации од јавен карактер. Барањата, како инструмент за собирање податоци, содржат прашања од чиишто одговори ќе може да се дознае колку кај нотарите странките го користат поднесувањето предлог за

издавање решение за нотарски платен налог, колку приговараат на решенијата. Во судовите во РСМ – колку, согласно последните измени на Законот за парнична постапка, од 2015 година се издаваат судски платни налози, кога обврската треба да се наплати во странство, и секако да дојдеме до сознание колку во последните три години во Основен суд Кочани има поднесено предмети по платни налози, колку се уважени, колку одбиени. Потоа со истражување преку интернет, ќе се изврши и анализа како платниот налог е уреден во европското законодавство.

Во истражувањето, како инструмент за собирање податоци ќе се користи барањето на информации, како вид прашалник, што се употребува кога сакаме да се дознае примената на правен инструмент и примената на законските одредби. Барањата за информации од јавен карактер ќе бидат поставени со по три прашања за три категории: нотари, судски службеници во ОС Кочани и судски службеници во останатите судови во РСМ. Тие ќе се поднесуваат и одговараат по електронски пат.

Во однос на платниот налог во европското законодавство, податоците ќе се добиваат со истражување по електронски пат и литература, со анализа на Регулативата на ЕУ за европски платен налог во Р Хрватска како земја членка на ЕУ, постапката и примената на европскиот платен налог.

Добиените податоци, обработени ќе се групираат и табеларно ќе бидат прикажани. Збирните групирања ќе се изведат со дистрибуција на податоците.

Целта е да се направи обид да се одговори на прашањата за оправданоста и ефикасноста на утврдените законски решенија и нивниот одраз во праксата од оваа област, како и да се утврди колкава е примената на платниот налог во македонскиот правен систем, како и примената на европскиот платен налог во европското законодавство. Да се одговори на тоа дали сферата на нотарскиот платен налог динамично еволуирала, дали бројките на приговорите против нотарските платни налози пред судовите опаднале, а граѓаните сè помалку го злоупотребувале правото на приговор.

Целта е, пред сè, да се добие и одговор на прашањето дали со измените на Законот за парничната постапка во РСМ, кои се во насока на укажувањата на Комитетот на министрите при Советот на Европа, Препораката за мерките за спречување и намалување на товарот на судовите (Р(86)12), кои даваа насоки и за нашата земја, со кои упатуваа на намалување на вонсудските – неспорните работи од

надлежноста на судиите, односно каде нотарите ќе постапуваат по нотарските платни налози, а од друга страна судот да се растовари од овие предмети и своето време и енергија да ги насочи на останатите предмети од спорен карактер и да одлучува по правото на приговор и судски платен налог – е постигната таквата цел. За на крај – да се добие сознание како е во европското законодавство регулирана постапката по платен налог и колку европскиот платен налог зазема примена при наплатата на неоспорените парични побарувања.

I. Платниот налог во македонскиот правен систем

1. Поим и карактеристики на платен налог

Зборот платен налог доаѓа од латинскиот збор *pacare* – измирување.

Поимот на платен налог најчесто во своето општо значење се објаснува како обврска на банката која ја дава одредено лице да плати одредена сума на трето лице кое е физичко или правно лице или како инструмент кој се користи во меѓународни трговски операции, меѓутоа во правна смисла, платниот налог е правен институт на граѓанското процесно право.

Во суштина платниот налог е упатување дадено од судот или нотарот до должникот да плати парично побарување кое е пристигнато на доверителот, или да приговори во законски рок. Всушност, тоа е одлуката со која се усвојува барањето на доверителот чие парично побарување е стигнато до должникот, што го докажува со исправа со која се докажува побарувањето по висина, по основ и вид, и му се наложува на должникот со платниот налог – нотарски или судски да ја исполни паричната обврска.

Платниот налог е инструмент за присилна наплата на парични побарувања, мандатно правно средство кое се издава со одлука на надлежен орган во посебен вид постапка.

Во правната теорија платниот налог е дефиниран како антиципативен контумационен систем на постапување, бидејќи се издава без одржана расправа по налогот и пред должникот да даде изјаснување и свое видување за тоа дали должи на доверителот.

2. Видови платен налог

Начинот на издавање, односно надлежноста на постапување по платен налог на некој начин ги определува видовите платен налог во македонското законодавство.

Во македонското законодавство постојат два вида платен налог и тоа: нотарски платен налог кој го издава нотар, а по приговор одлучува судот, и судски платен налог кој го издава судот.

Една од причините за промена во законската регулатива за пренесување на надлежноста за платните налози од судот на нотарите беше со цел за надминување на

состојбата на застој при постапувањето на предметите, пренатрупаноста кај судовите и големиот заостаток со оглед на тоа што судовите немаа капацитет да постапуваат по платните налози.

Работата на нотарот и на судот при постапување по платен налог е поврзана и претставува една содржајна целина, а со донесување правосилна одлука – решение за издавање нотарски платен налог или правосилна судска одлука (доколку е поднесен приговор), како извршна исправа, што е основа за поведување постапка за извршување и за наплата на побарувањето на доверителот, со која се заокружува целината и се завршува постапката.

Законската регулатива во македонското законодавство со која е регулиран платниот налог, видовите и постапката за негово издавање, зачетокот го има со донесување на Законот за парничната постапка од 2005 година[1], и со овој закон постапувањето и издавањето на платните налози беше на страна на судот.

Со законот за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка[2], кој стапи во примена од 1 јули 2011 година и ЗИД на Законот за извршување, платните налози се издаваа во судот додека по дозволата за извршување врз основа на веродостојна исправа постапувањето по налозите беше и од нотарот и судот.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка од 2015 година[3], севкупно е регулирана постапката за донесување судски платен налог, кој го издава судскиот платен налог и во целост постапувањето е од страна на судот.

Со донесување на Законот за нотаријат[4] е регулирано постапувањето и издавањето нотарски платен налог, меѓутоа 14 члена од овој закон[5] ја регулираат сферата на нотарски платен налог и постапката пред нотар, а постапувањето по приговорот на решението за издавање нотарски платен налог согласно одредбите на Законот за парничната постапка чл. 417-428-в е во сферата на судот.

[1] Објавен во *Службен весник на РСМ,* бр. 79/05
[2] Објавен во *Службен весник на РСМ,* бр. 83/09 од 3 јули 2009 година
[3] *Службен весник на РСМ,* бр. 124/15 од 23 јули 2015 година кој стапи во примена од 31 јануари 2016 година
[4] Објавен во *Службен весник на РСМ,* бр. 72/2016 од 12 април 2016 година, кој стапи во примена од 1 јануари 2017 година
[5] Се мисли на Законот за нотаријат, *Службен весник на РСМ,* бр. 72/2016 од 12 април 2016 година, кој стапи во примена од 1 јануари 2017 година

3. Судски платен налог

Судскиот платен налог го издава судот.

Постапката за издавање на судски платен налог е посебна постапка регулирана со Глава XXVIII од Законот за парничната постапка[6].

Поведувањето на постапката за издавање на судски платен налог е со Тужба со предлог за издавање на судски платен налог.

Доверителот е тужител, кој е активно легитимиран за поведување на постапката пред судот, додека должникот е пасивно легитимиран да биде тужен во постапката за издавање на судски платен налог.

Кон тужбата, која се поднесува до стварно и месно надлежниот суд, потребно е, и се приложува во оригинална уплатница, доказ за платена судска такса за тужбата, во спротивно тужителот се задолжува во рок од 8 дена да ја плати судската такса.

Доколку тужителот не ја плати судската такса, се смета дека е повлечена тужбата и судот донесува решение. За уредување на тужбата, за застапување, уредно полномошно, доставата на писмена и други процесни прашања се применуваат општите одредби од ЗПП.[7]

Судот ќе му издаде судски платен налог на туженият, односно ќе му наложи на туженият за да го исполни тужбеното барање кога тужбеното барање се однесува на парично побарување или побарување во пари, а обврската треба да се исполни во странство.[8] Паричното побарување се докажува со веродостојна исправа.

Законот како веродостојни исправи ги предвидува – јавните исправи, меници и чекови со протест и со повратни сметки ако тие се потребни за засновање на барање, фактури и исправи кои по посебни прописи имаат значење на јавни исправи. Веродостојните исправи кои се поднесуваат во прилог на тужбата како доказ мора да бидат во оригинал или во заверен препис, додека пак обврската која треба да се исполни од побарувањето треба да се исполни во странство**.**

При постапувањето се јавува дилема ако тужителот е странско правно лице, а туженият е домашно лице дали судот може да смета дека се исполнети условите и судот треба да издаде судски платен налог.

---

[6] Законот за парничната постапка објавен во *Службен весник на РСМ,* бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15

[7] Законот за парничната постапка (*Службен весник на РСМ,* бр. 79/05,110/08,83/09,116/10,124/15)

[8] Законот за парничната постапка (*Службен весник на РСМ,* бр. 79/05,110/08,83/09,116/10,124/15, член 418)

Меѓутоа законодавецот потеклото на странките не го предвидел како законски услов за издавање на судски платен налог, законски услов е обврската да треба да се исполни во странство. Имено доколку побарувањето се однесува во пари, истото е докажувано со веродостојни исправи – фактури во кои стоело дека обврската треба да се исполни во странство, односно на банкарска сметка на тужителот во Германија и покрај тоа што правното лице, странка во постапката против кое е поднесена тужбата согласно тековната состојба издадена од Централниот регистар на РСМ има седиште во Скопје, судот согласно чл. 418 од Законот за парничната постапка судот треба да го издаде судскиот платен налог.[9]

3.1. Постапка по судски платен налог

Судот со судскиот платен налог на тужениот ќе му изрече дека во рок од 8 дена, додека во чековните и меничните спорови во рок од 3 дена откако ќе го прими платниот налог е должен, да го исплати односно исполни барањето на тужбата, а притоа е должен да ги плати и трошоците во постапката кои ги одмерува судот.

Доколку тужениот не се согласува, има право во рок од 8 дена, односно за меничните и чековните спорови во рок од 3 дена по приемот да поднесе приговор против судскиот платен налог.

Судот при издавањето на судскиот платен налог, во форма на решение, мора да наведе и предупредување на тужениот дека ненавремено поднесен приговор ќе го отфрли. Решението се изготвува во писмен состав и решението треба да содржи секогаш увод и изрека, а не содржи образложение согласно Законот за парничната постапка[10].

Постапката пред судот ќе продолжи како да е поднесена редовна тужба, ако судот утврди дека не се исполнети условите за издавање на судски платен налог и тогаш нема да биде и усвоен предлогот за издавање на судски платен налог.

Постапката пред судот ќе продолжи како да е поднесена редовна тужба.

Не е дозволена жалба против решението издадено од судот со кое не се усвојува предлогот.

Примерок од решението судот доставува до тужителот, додека до тужениот се доставува решението, тужбата со прилозите (всушност предлогот за издавање судски

[9] Одлука на Врховниот суд на РСМ, Рев. 1, бр. 129/20 од 02.03.2021 година.
[10] Објавен во *Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15.

платен налог со прилозите сега се смета како тужба поднесена пред судот) и поканата за давање на одговор на тужба.

Пример 1: Решение за издавање судски платен налог

Основниот суд ---------- како правостепен суд преку судијата ---------- како судија поединец – претседател на совет, постапувајќи по тужбата со предлог за издавање судски платен налог на тужителот ---------- од ---------- со адреса ---------- против туженият ---------- од ---------- со адреса --------- , за долг, вредност на спорот ------ денари, без одржување на рочиште, на ден -------- го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот на тужителот за издавање судски платен налог, се усвојува.

СЕ ЗАДОЛЖУВА туженият да му исплати на тужителот на име долг (тужбеното барање се внесува, камата) во рок од 8/осум дена (во меничните и чековните спорови во рок од 3/три дена) по приемот на решението.

Трошоците во постапката се одмеруваат во износ (паричен износ со опис за што се однесуваат) кои туженият треба да ги исплати на тужителот во рок од 8/осум дена (во меничните и чековните спорови во рок од три дена) по приемот на судскиот платен налог.

Решението не содржи образложение согласно чл. 334, став 2 од Законот за парничната постапка.

Судија (претседател на советот – судија)

Правна поука:

Против ова решение, туженият има право на приговор до Основен суд ------ во рок од 8 дена (односно за меничните и чековните спорови во рок од 3 дена) по приемот на решението. Ненавремено поднесениот приговор, судот ќе го отфрли.

Доколку решението се побива само во делот на одмерените трошоци на постапката, дозволено е право на жалба преку овој суд до надлежниот Апелационен суд --------, во рок од 8 дена (односно за меничните и чековните спорови во рок од 3 дена) по приемот на решението.

Налог за такса (доколку не е платена судска такса за одлуката)

Доставено до: двете странки

До туженият да се достави примерок од тужба со прилози.

3.2. Процесно правен аспект на платниот налог во Република Северна Македонија

Постапката за постапување по судски платен налог е регулирана во главата XXVIII од ЗПП со посебни одредби за платен налог и судски платен налог. Пропишано е дека во постапката по судски платен налог ќе се применуваат другите одредби на овој закон (ЗПП), ако во главата XXVIII не постојат посебни одредби. За тужба со предлог за издавање судски платен налог се плаќа судска такса во рок од осум дена, а во спротивно тужбата се смета за повлечена.[11]

Судски платен налог односно налог на туженият да го исполни тужбеното барање судот ќе издаде кога тужбеното барање се однесува на побарување во пари, а тоа побарување се докажува со веродостојна исправа и тоа: јавни исправи, меници и чекови со протест и со повратни сметки ако тие се потребни за засновање на барање, фактури и исправи кои според посебни прописи имаат значење на јавни исправи[12] приложена кон тужбата во оригинал или во заверен препис и ако обврската треба да се исполни во странство.

Постапката за издавање судски платен налог мора да заврши во рок од три месеци, при што овде се смета рокот од поднесување до донесување на пресудата односно одлуката за главната работа пред првостепениот суд. Ако има поднесена жалба против одлуката на првостепениот суд, второстепениот суд е должен да одлучи по жалбата односно да донесе одлука во рок од 30 дена, притоа рокот се смета од денот на приемот на предметот.[13]

Без одржување на рочиште судијата поединец, односно претседателот на советот ќе издаде судскиот платен налог. Во судскиот платен налог судот ќе изрече дека туженият е должен во рок од осум дена, а во меничните и чековните спорови во рок од три дена по приемот на судскиот платен налог да го исполни барањето на тужбата заедно со трошоците што ги одмерил судот или во истиот рок да поднесе приговори против судскиот платен налог.

Судот во судскиот платен налог ќе даде предупредување на туженият, дека ќе ги отфрли ненавремено поднесените приговори. До двете странки се доставува

[11] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ,* бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, член 417 и 417-а)

[12] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ,* бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, член 418)

[13] Обука на тема „Постапување по приговор против нотарски и судски платен налог“, пристапено на 6 април 2023 година, на веб-страницата: jpacademy.gov.mk

судскиот платен налог. Примерок од тужбата со прилозите кон судскиот платен налог ќе се достави до тужениот.[14]

Судот ја продолжува постапката кога нема да го усвои предлогот за издавање судски платен налог. Жалба не е дозволена против судското решение со кое не се усвојува предлогот за издавање на налогот.[15]

3.3. Постапка по приговор на судски платен налог

Правосилен, станува делот од судскиот платен налог, кој не е оспорен со приговор. Што значи, согласно оваа законска одредба приговор може да се поднесе и за дел од долгот.

Приговорот е едно од средствата со кое само може да се побие судскиот платен налог. Приговорот е редовен правен лек, кој се поднесува во преклузивен рок, едностран правен лек, од причина што го поднесува само должникот, ремонстративен, по него одлучува правостепениот суд, нема деволутивно дејство и има суспензивно дејство.

Приговор се поднесува само за главната работа и трошоците во постапката. Ако побивањето е единствено во делот на одлуката за трошоците, тогаш со жалба на решението, се побива одлуката. Покрај тоа, жалба се поднесува против решение по предлог за укинување потврди на правосилност и извршност, против решение за отфрлање приговор и други процесни решенија.

Судскиот платен налог станува правосилен во делот, против кој нема поднесено приговор односно делот кој не го оспорува странката.

За побиваниот дел од судскиот налог, странката е должна да ги наброи фактите и доказите во приговорот кој го поднесува. Ако странката стори, веројатно и докаже дека без своја вина не била во можност да ги изнесе во приговорот, ќе изнесе факти и докази и на подготвителното рочиште, а ако тоа не е одржано, на првото рочиште за главна расправа.[16]

Судијата поединец, односно претседателот на советот, зависно каков е составот на судот во зависност од вредноста на долгот (вредноста на спорот се определува

[14] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, член 420)
[15] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09,116/10,124/15, член 421)
[16] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08,83/09,116/10,124/15, член 422)

согласно одредбите од чл. 34 до 37 од ЗПП) ненавремените, нецелосните или недозволените приговори ќе ги отфрли. Во тој случај се применуваат одредбите како за ненавремена, нецелосна и недозволена жалба од чл. 347 од ЗПП,[17] од причина што и приговорот и жалбата се редовни правни лекови.

Ненавремени се приговорите кои се изјавени по истекот на законскиот рок за поднесување во приговор, односно по истекот на рокот од осум дена.[18]

Нецелосен е приговорот ако не може да се утврди против кој судски платен налог е поднесен приговорот или ако не е потпишан од подносителот. Меѓутоа судот прво ќе го повика подносителот на приговорот да го дополни или исправи, потпише, па ако тој не постапи по барањето на судот, тогаш судот ќе го отфрли приговорот како нецелосен.

Недозволен е приговорот ако е поднесен од лице кое не е овластено за поднесување приговор, тоа е лице кое не учествувало во постапката како странка или се претставува како полномошник, а нема полномошно доставено на барање на судот. Исто така, недозволен е и приговорот поднесен од лице кое нема правен интерес за негово поднесување. На пример, тоа е случај кога странката во целост има успех дури и кога смета дека погрешно е применето материјалното право, во смисла дека основаноста на предлогот произлегува од други прописи, а не од оние кои судот ги применил при издадање на судскиот платен налог.[19]

Ако приговорот е поднесен навремено, судијата поединец, односно претседателот на советот ќе оцени дали е потребно да закаже подготвително рочиште или може веднаш да определи рочиште за главна расправа.

Судот ќе одлучува на основа сè она што го предложиле странките, фактите, доказите и сè она што судот ќе смета дека е потребно, како фактички материјал да го издвои релевантното за донесување на одлуката. На ваквата фактичка подлога (*praemissa minor*) да може правилно да ја примени правната норма или правната

[17] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ,* бр. 79/05,110/08,83/09,116/10,124/15, чл. 347 од ЗПП-(1) Ненавремената, нецелосната или недозволената жалба судијата поединец или претседателот на советот на првостепениот суд без одржување на рочиште ќе ја отфрли со решение. (2) Жалбата е ненавремена ако е изјавена по истекот на законскиот рок за нејзино поднесување. (3) Жалбата е недозволена ако ја изјавило лице кое не е овластено за поднесување на жалбата, или лице кое се одрекло или се откажало од жалбата или ако лицето кое ја изјавило жалбата нема правен интерес за поднесување на жалбата.

[18] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ,* бр.79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, член 423)

[19] Закон за парнична постапка, со коментар, судска практика, обрасци, Агенција Академик 2011, Скопје стр. 677)

подлога (*praemissa maior*) на пресудата.[20] Со ваквата пресуда која е логичен заклучок на двете основи, фактичка и правна, судот ќе одлучи дали судскиот платен налог останува во сила во целост или делумно или се укинува. На тој начин судот мериторно одлучува за основаноста на тужбеното барање.

Донесената пресуда претставува „правна норма“ или *jus* за странките (*judicatum jus facit inter partes*) која по правосилноста, ќе има дејство на *res judicata* (пресудена работа), додека по извршноста ќе претставува и основ за присилно извршување (*titulus exectionis*).[21]

Ако тужениот приговори дека не постоеле законски основи за издавање судски платен налог или дека постојат пречки за натамошниот тек на постапката, судот прво ќе одлучи за тој приговор.

На пример: доколку тече парница, нема веродостојна исправа, има недостатоци од чл. 75 од ЗПП, пресудена работа, не се работи за побарување во пари и итн.[22]

Непостоењето на законските основи за издавање на судскиот платен налог, се ефектуира и е изедначено со постоење пречки за натамошно водење на постапката, судот тогаш таквиот приговор ќе го прифати за основан и ќе го укине со решение судскиот платен налог.

Дури по правосилноста на тоа решение ќе започне расправање за главната работа, кога за таквото расправање има место. Притоа може да се случи поради такви пречки за натамошниот тек на постапката судот да го отфрли предлогот за издавање судски налог, ако правосилно е завршена работата, ако за таа веќе тече друга праница, ако не постои способност да се биде странка, ако не постои судска надлежност и друго.

Ако судот смета дека е неоснован приговорот за тоа ќе се произнесе судот подоцна, со решение кое е составен дел на одлуката односно пресудата за главната работа. Притоа може да се јави ситуација судот предметот и да го достави на друг стварно надлежен суд во согласност со чл. 426 од ЗПП.

Ако по повод приговорот за непристигнатост судот најде дека барањето на тужбата пристигнало по издавањето на судскиот платен налог, но пред заклучувањето

[20] B. Pozić, Gradžansko procesno pravo, jedanajsto dopunjeno izdanje, Beograd, 1989, str. 238 i dr.

[21] Судска ревија бр. 2 од 2002 година, д-р Стефан Георгиевски, стр.13

[22] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05,110/08, 83/09, 116/10, 124/15, член 424)

на главната расправа, судот со пресуда ќе го укине судскиот платен налог и ќе одлучи за тужбеното барање. Доколку со доставување на судскиот платен налог на тужениот пристигне побарувањето на тужителот, кој се смета за опомена на должникот да го плати долгот,[23] тогаш, ако тужениот приговори на судскиот платен налог, дека не дал повод за поднесување на тужбата и потоа го признае побарувањето на тужителот, тогаш тужителот ќе биде задолжен да ги плати трошоците во постапката чл. 151 од ЗПП.[24]

Само по приговор за месна ненадлежност истакнат во приговорот на тужениот против судскиот платен налог судот може да се огласи за месно ненадлежен.[25] Кога судот ќе утврди дека е стварно ненадлежен, а бил издаден судскиот платен налог, судот по огласување и укинување, на издадениот судски платен налог, предметот со сите списи ќе го отстапи на надлежниот суд по правосилноста на решението за ненадлежност.

Во случај ако се работи за месна ненадлежност на судот кој го издал судскиот платен налог, нема да се укине издадениот судски платен налог, туку судот ќе се огласи за месно ненадлежен и ќе му го отстапи предметот на надлежниот суд.[26]

Судот ќе го укине и судскиот платен налог во случаи определени со ЗПП ќе донесе решение со кое се отфрла тужбата.[27]

Кога тужбата со предлогот за издавање судски платен налог тужителот ја повлече, тогаш судот го укинува и судскиот платен налог. Само по поднесувањето на приговорот, без согласност на тужениот, тужбата може да се повлече, во спротивно треба согласност од тужениот за повлекувањето на тужбата. Тужениот кога се откаже од сите поднесени приговори до заклучување на главната расправа, тогаш останува во сила издадениот судски платен налог.[28]

---

[23] Закон за облигационите односи (*Службен весник на Република Македонија*, број 18/2001, 78/2001, 04/2002, 59/2002, 05/2003, 84/2008 , 81/2009 и 161/2009, член 306) Кога определувањето на времето за исполнување е оставено на волјата на доверителот или на должникот, другата страна може, ако овластеникот не го определи рокот ни по опомената, да бара од судот да определи примерен рок за исполнување.

[24] Закон за парнична постапка, со коментар, судска практика, обрасци Агенција Академик 2011, Скопје, стр. 829

[25] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, член 425)

[26] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10,124/15, член 426)

[27] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, член 427)

[28] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, член 428)

4. Нотарски платен налог

4.1. Поим и карактеристики на нотарскиот платен налог

Терминот нотарски платен налог и уредената постапка за издавање нотарски платен налог за првпат се генерира со донесувањето на Законот за нотаријат.[29]

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот, 2018 година,[30] решенија за издавање нотарски платен налог од страна на нотарите се донесуваат со содржина која е целосна, а не како претходно кога нотарите кога постапуваа согласно со Законот за нотаријатот (*Службен весник на РМ* бр. 72/16) решенијата ги донесуваа во форма на штембил.[31]

До нотарот на чие подрачје е живеалиштето, односно престојувалиштето на должникот ако е физичко лице или седиштето доколку должникот е правно лице, доверителот поднесува предлог за издавање решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа. Нотарот не се занимава и не навлегува во решавање на прашањето дали странките имаат договорена надлежност бидејќи ова е исклучителна надлежност.[32]

Кога доверител е Република Северна Македонија, предлозите за издавање решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, приговорите, предлозите и жалбите на решенијата на нотарот и судот не е задолжително да ги составува адвокат и да содржат адвокатски печат и потпис, а во сите останати случаи е задолжително.

Во предмет кога доверител се јавува за побарување кое произлегува од комунални услуги за парично побарување во вкупен износ од 6.000,00 денари за одржување на зеднички простории, за смет или за вода, потоа парично побарување во вкупен износ од 15.000,00 денари за топлинска енергија или сметки за струја, не е предвидена обврска за плаќање судска такса од доверителот и предлогот се поднесува

[29] Законот за нотаријатот објавен (*Службен весник на РМ*, бр.72/16, 142/16, 233/18)

[30] Законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот (Службен весник на РМ, бр.233/18, член 28, гласи: Членот 78 се менува и гласи: „Решението со кое нотарот издава нотарски платен налог ја има следната содржина: - податоци за нотарот кој го издава платниот налог, - назначување дека е решение со кое се издава нотарски платен налог, - назначување дека се усвојува предложениот нотарски платен налог и се задолжува должникот да му го плати на доверителот пристигнатото парично побарување според веродостојната исправа, видот и обемот на побарувањето како и трошоците на постапката во рок од осум дена од приемот на решението, - правна поука за право на приговор во рок од осум дена од денот на приемот на решението со кое е издаден нотарскиот платен налог и - датум на донесување на решението, потпис и печат на нотарот.

[31] Законот за нотаријатот (*Службен весник на РМ*, бр. 72/16, член 78)

[32] Законот за нотаријатот (*Службен весник на РМ*, бр. 72/16, 233/18, член 68)

директно до нотарот. При ова се подразбира јасно дека е побарување од веродостојни исправи во вкупен износ – што значи од повеќе веродостојни исправи.

Доколку вредноста на побарувањето од веродостојната исправа е помало од 10.000 евра а предлогот е поднесен од страна на доверител – штедилница, банка финансиско друштво, осигурително друштво, давател на финансиски лизинг, предлогот не мора да биде составен од адвокат и да има адвокатски потпис и печат.

При постапувањето на нотарот за да согледа за какво побарување се однесува предлогот, дали е побарувањето предвидено во исклучоците наведени во Законот, тоа го оценува од веродостојната исправа која го содржи побарувањето, за комунална услуга (вода, смет, одржување заеднички простории, електрична и топлинска енергија, телефонија, кабелски и мобилни оператори. Притоа не е релевантно и нема значење која главна приходна шифра е наведена во Трговскиот регистар за дејноста со која се бави доверителот.

Постапувањето на нотарот и дејствијата кои ги презема по прием на предлогот и дејствијата, е од голема важност заради тоа што на кој начин постапува нотарот, што е предмет на негова оцена и анализа до издавање на решението е клучно и откако ќе се издаде решението не можат да се отстранат одредени пропусти. Доколку има пропусти, тие ако не бидат отстранети од нотарот, излегуваат на површината подоцна, во судската постапка кога се донесува одлука по приговорот на должникот од страна на судот.

Според содржината, предлогот за издавање решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа е всушност формално барање за издавање платен налог со кој се задолжува должникот во определен рок да го плати побарувањето наведено во исправата, а притоа под страв на присилно извршување.[33]

Предлогот мора да има во воведниот дел од барањето податоци за доверителот и должникот за физички лица: име и презиме поткрепено со доказ за лична идентификација – лична карта и ЕМБГ, а за правни лица целосен назив според податоците од трговскиот регистар со тековна состојба и за доверителот и за должникот, за двајцата ЕМБС, ако доверител е странско правно лице треба да биде напишан во оригинал и со превод неговиот назив според тоа како е преведен во доказот што е приложен за упис во трговскиот регистар во земјата од која потекнува, податоци за нивните законски застапници, полномошници, предмет, вредност на

[33] Законот за нотаријатот (*Службен весник на РМ*, бр. 72/16, 233/18, член 69)

побарувањето, потпис, е-адреса и телефон за контакт, а предлозите од државен орган, орган на државната управа, единици на локалната самоуправа, правни лица и лица што вршат јавни овластувања треба да содржат и податоци за електронското сандаче за достава на решенијата за нотарски платен налог, регистрирано во согласност со закон.[34]

Потоа, да се наведат податоци за нотарот кој постапува по предлогот, видот и обемот на побарувањето, времето на исполнување на обврската и неговата достасаност, писмена изјава на доверителот дека побарувањето достасало и да го означи денот на достасаност на побарувањето, ако од веродостојната исправа не се гледа кога достасува побарувањето, доказ дека е платена такса (освен оние за кои не се плаќа такса), а може и други наводи кои би биле значајни за да може нотарот да постапува по предлогот и потпис на подносителот на предлогот за издавање на нотарски платен налог [35].

Меѓу другите податоци доверителот треба да ги наведе и трошоците, со попис на трошоци кои од должникот бара да му бидат надоместени, при тоа нотарот ќе пресмета само награда за составување на предлогот. За состав на трошковник, посебно не следува и не му се признава на адвокатот како награда. За предлозите со вредност повисока од 10.001,00 денари следува 70 проценти од наградата пропишана со чл. 8, т. 2 од Тарифата за награда и за надомест на трошоците за работата на адвокатите.[36]

Само за предлозите со вредност до 10.000,00 денари наградата за составување предлог според Тарифата изнесува 1.300,00 денари со 18 проценти ДДВ, 234,00 денари, или вкупно 1.534,00 денари, а за сите други наградата е намалена. Доколку адвокатот за составување на предлогот бара и плаќање ДДВ, задолжително треба да приложи решение дека е регистриран како ДДВ-обврзник во согласност со дел V, т. 5 од Тарифата затоа што статусот на ДДВ-обврзник адвокатот го докажува со соодветен документ издаден од надлежен орган.

---

[34] Податоците кои треба да ги содржи предлогот за издавање на нотарски платен налог се набројани во чл. 69 од Законот за нотаријатот, а дел има наведено и од чл. 81 од Законот за нотаријатот, според кој во недостиг на одредби од Законот за нотаријатот да се применуваат соодветно одредбите од Законот за парничната постапка.

[35] Нотариус бр. 35, д-р Арсен Јаневски професор во пензија, Решение за издавање на нотарски платен налог и приговор против решението со кое е издаден нотарски платен налог, стр. 45

[36] Тарифата за награда и надомест на трошоците за работа на адвокатите објавена (Службен весник на РМ бр. 13 од 08.02.2017 година), Одлука за измена и дополнување на Тарифата за награда и надомест на трошоците за работа на адвокатите (*Службен весник на РСМ,* бр. 189 од 13.09.2019 година) и Одлука за измена и дополнување на Тарифата за награда и надомест на трошоците за работа на адвокатите (*Службен весник на РСМ,* бр. 262 од 19.12.2019 година).

Доколку предлогот не ги содржи сите наведени податоци или не се доставени сите докази – исправи, нотарот во таков случај овие недостатоци ќе треба да ги исправи а не да донесе решение за издавање нотарски платен налог. Ваквите недостатоци се согледуваат во судските постапки и се причинуваат непотребни трошоци, особено кога нема ЕМБС за правно лице или не е доставена тековна состојба од Трговскиот регистар и во судската постапка, судот утврдува дека всушност наведениот должник не е должник.

Ваквите недостатоци се јавуваат и кога должник или доверител е државен орган, агенција, министерство, орган на државна управа и сл., каде, како застапник се јавува Државното правобранителство, пред нивниот назив задолжително треба да стои – Република Северна Македонија. Точно е дека тоа го нема во тековната состојба, но станува збор за постулациона способност и тоа значи дека тој доверител или должник е застапуван од Државното правобранителство (Државниот правобранител е неограничено постулационо способен) и нема самостоен правен субјективитет.

Законодавецот[37] предвидел дека предлог за издавање решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа може да се поднесе само за достасано побарување, и од моментот на достасаноста се определува и почетниот датум за да тече камата.

Со доставување на писмената изјава за достасаност на побарувањето од доверителот, приложена кон предлогот, и наведувањето на датумот на достасаност, се отстрануваат недостатоците кои можат да произлезат и даваат основ на должниците да приговараат, и околноста дека нема изјава за достасаност ја наведуваат во приговорот до судот. Бидејќи се работи за приговор од формален карактер, судот мора да одговори и одлучи по ваквите наводи во приговорот.

Достасаноста на побарувањето се утврдува во судската постапка. Нотарот во решението кое го донесува ќе ја определи каматата да тече од датумот кој во предлогот го навел доверителот, и затоа предлог се поднесува за достасано побарување, а почетен датум од кој тече каматата е моментот на достасување.

Достасаноста во судска постапка се утврдува кога е поднесен приговор и судот може да утврди друг датум на достасаност различен од оној во нотарското решение, при тоа донесува судска одлука. Во судската одлука судот мора да образложи, кој дел од решението на нотарот го остава во сила, а за кој дел го укинува и причините за тоа.

[37] Законот за нотаријатот (*Службен весник на РМ*, бр. 72/16, 233/18, член 69, ст. 2)

Токму затоа, улогата на нотарот е не само да се придржува на висината на главниот долг, туку од битно значење е кој датум ќе го определи како датум од кој почнува да тече каматата, со оглед на тоа дека се наплатува побарување од должникот.

Должникот во никој случај не треба да се задолжува со плаќање камата на доверителот која не му припаѓа на доверителот, освен секако камата за задоцнето плаќање на главниот долг што не го платил.

Каматата тече од денот на поднесување на предлогот кај нотар. Ако предлогот за донесување на решение врз основа на веродостојна исправа, е доставен со непосредна достава од датумот на прием или од денот на прием во поштата, ако е доставен со препорачана пратка кога побарувањето се однесува за долг кој е од пресметана камата во капитализиран износ, кога се побарува од доверителот како главен долг и по веродостојна исправа – каматна листа. Така, доверителот може да го бара износот на неисплатената камата, може да бара затезна камата само од денот кога до нотарот е поднесено барање за исплата на каматата.[38]

Во случаите кога банката доверител побарува плаќање долг по извршен пресек на побарувањето, така што е определена висината на главниот долг – главнината од кредитот што не е платен до денот на пресек и е пресметана каматата до денот на пресек, на главнината тече каматата од денот на пресек до исплатата, а на пресметаната камата не тече камата и таа се досудува без камата. Ова е во согласност со Законот за облигационите односи[39], на стасаната, а неисплатена договорна или затезна камата, како и на други стасани повремени парични давања не тече затезна камата, освен кога е тоа определено со закон. Имено, банката на главнината пресметала камата од стасаноста до пресекот во определен износ, па на главнината може да бара камата од пресек до исплата.

Според начелен став на судовите[40], не може да се бара процесна камата на неисплатена стасана затезна камата сè додека не престане главното парично барање од кое произлегува, па и кога е пресметана и тужена во апсолутен износ со главното барање.

[38] Закон за облигационите односи (*Службен весник на Република Македонија*, бр. 18/2001, 78/2001, 04/2002, 59/2002, 05/2003, 84/2008 , 81/2009 и 161/2009, член 268)
[39] Закон за облигационите односи (*Службен весник на Република Македонија*, бр. 18/2001, 78/2001, 04/2002, 59/2002, 05/2003, 84/2008, 81/2009 и 161/2009, член 268)
[40] Начелен став на седницата на највисоките судови во СФРЈ од 4 и 5 ноември 1987 година

Во првиот случај процесна камата се досудува на долг од пресметана камата затоа што побарувањето од кое произлегува е платено, а во вториот случај кај банката, побарувањето – главнината не е платено.

Должникот што го платил долгот по фактури, но со задоцнување, должи камата за задоцнетото плаќање од денот на достасаноста на секоја од фактурите до денот на извршеното плаќање. Со каматна листа ќе се пресмета тој износ по секоја фактура и во вкупен износ, кој ќе претставува главен долг од пресметана камата во капитализиран апсолутен износ на кој следува камата од денот на поднесување на предлогот кај нотарот.

Ако главнината не е платена, како што е случајот со банката, таа има право да пресмета камата од достасаноста на кредитот до пресек, но нема право да бара камата на тој износ. Камата тече на главнината од денот на пресек. Во спротивно, доколку на вака пресметаната камата се досуди камата, тоа е пресметка на камата на камата – анатоцизам, што е забрането. Судот е должен по службена должност да внимава дали се правилно применети одредбите од ЗОО, со кои е пропишано дека не може да се пресметува камата на камата.[41]

4.2. Основ за издавање решение за нотарски платен налог

Предлогот за издавање решение на нотарски платен налог со веродостојната исправа се иницијален акт со кој почнува постапката пред нотар. Во доволен број примероци и прилози, подносителот до нотарот, треба да го достави предлогот за издавање решение за нотарски платен налог, за да има еден примерок во списите на предметот и за секоја од странките во предметот.

Кон предлогот за издавање решение за нотарски платен налог, треба до нотарот да се достави веродостојната исправа во оригинален примерок или нотарски заверен препис од веродостојната исправа, всушност тој е примерокот кој останува во списите на предметот.

Така, доколку има приговор на решението издадено од судот, само во списите на предметот на нотарот ќе има веродостојната исправа во оригинален примерок или нотарски заверен препис од веродостојната исправа.

Во смисла на Законот за нотаријат како веродостојни исправи се прифаќаат и сметаат:

[41] Одлука на Врховен суд на РМ, Рев. бр. 836/94 од 13 септември 1994 година

– фактура

– исправа која според посебни прописи има значење на јавна исправа

– меница и чек со протест и со повратна сметка, кога е тоа потребно

– приватна исправа на која потписот од должникот го заверил нотар и

– пресметка на камата и градежна ситуација.[42]

Меница „без протест“, односно ако меницата не е протестирана не е веродостојна исправа, како основа за издавање решение за нотарски платен налог.

Како јавна исправа се смета исправа што ја издал државен орган или орган на државната управа во границите на својата надлежност во пропишана форма, или во пропишана форма е издадена од организација или друга институција при вршење јавно овластување што ѝ е доверено со закон или со одлука на општината заснована врз закон (јавна исправа), која ја докажува вистинитоста на тоа што се определува или се потврдува во неа.[43]

Приватната исправа, кога е потврдена (солемнизирана) во согласност со Законот за нотаријат, има својство на јавна исправа.[44]

Нема законска дефиниција за Извод од заверена деловна книга, кога се смета за веродостојна исправа, меѓутоа, за да биде веродостојна исправа треба да содржи: податоци за доверителот, должникот, за неговата достасаност и податоци за побарувањето односно видот и обемот на побарувањето.

Кога на исправата потписот на должникот е заверен од нотар, станува збор за приватна исправа. Тоа е договор што не е солемнизиран, туку е заверен само потписот на должникот.

За исправи кои според посебни прописи, имаат значење на јавни исправи, ќе зависи кои ќе се сметаат од тоа на што се однесува исправата и од каде потекнува, па и од посебни закони ќе зависи.

Градежната ситуација може да биде привремена, завршна, конечна, бидејќи кај нив најчесто нема достасаност на побарувањето кон веродостојната исправа, па е потребно во прилог да има изјава за достасаност.[45]

Пресметката на камата е исто така предвидено како веродостојна исправа, независно дали е од банка или од компании што имаат систем за пресметка на камати.

---

[42] Закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот (*Службен весник на РМ*, бр. 233/18 од 20.12.20218 година, член 20)

[43] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, чл. 215, ст. 1)

[44] Закон за нотаријатот (*Службен весник на РМ*, бр. 72/16, 233/18, чл. 55)

[45] Закон за нотаријатот (*Службен весник на РМ*, бр. 72/16, 233/18, чл. 69 ст. 2)

Нотарот е надлежен да донесе решение само за побарувања од веродостојна исправа, недозволиво е тој да издава решенија за издавање нотарски платен налог од исправи што не се веродостојни исправи, бидејќи нема такво законско овластување.

На основа наведното како веродостојни исправа не се градежна книга и градежна дневник, полиса и зелен картон, изјава за компензација, договор за гаранција на кој потписот на должникот – гарант / платец не е заверен на нотар и договор за цесија.

4.3 Постапка по предлог за издавање на решение за нотарски платен налог

Нотарот, доставениот Предлог за издавање на решение на нотарски платен налог го прима со приемен печат.Приемниот печат нотарот го пополнува целосно, со бројот на примените предлози и прилози, датум на прием и начин на прием: непосредно или препорачано по пошта, при што треба да се наведе и датумот на предавање во пошта.

Во оформениот предмет по предлог кој е доставен до нотарот по пошта препорачано, во списите задолжително се задржува пликот на кој има потврда за пратка испратена по пошта препорачано, и датумот на прием на пратката во пошта се смета за ден на прием.Ова е од голема важност, ако има поднесено приговор, и да во поднесениот приговор се наводите на приговорот се на застареност на побарувањето.

Нотарот при прием на предлогот за издавање на решение на нотарски платен налог, внимава дали е платена судската такса. Судската такса ако не е платена има рок од 8 дена од поднесувањето да почека за плаќање на судската такса од страна на доверителот.

Неплаќањето на судската такса има последици по доверителот, нотарот ќе донесе решение со кое предлогот за издавање нотарски платен налог поради неплатена судска такса ќе го смета за повлечен.[46] Тоа не се однесува на исклучоците од чл. 68, ст. 3 од Законот за нотаријат[47]**.**Оваа одредба се однесува само за судската такса, а не се однесува за неплатени нотарски награди и трошоци.Предлогот нема да може да се

[46] Закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот (*Службен весник на РМ,* бр. 233/18 од 20.12.20218 година, чл. 21)

[47] Закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот (*Службен весник на РМ,* бр. 233/18 од 20.12.20218 година, чл. 18) По исклучок од ставот 2 од овој член, предлогот за издавање решение за нотарски платен налог од страна на доверител за побарување кое произлегува од комунални услуги и тоа: за вода, смет и одржување на заеднички простории за парично побарување од веродостојна исправа до2.000,00 денари, за електрична или топлинска енергија за парично побарување од веродостојна исправа до 6.000,00 денари, за телефонија, мобилни оператори или кабелски оператори за парично побарување од веродостојна исправа до 2.000,00 денари, се поднесува непосредно до нотарот.

смета за повлечен, ниту да се отфрли како неуреден ако не се платени нотарските трошоци и награди, истите не се со закон како услов предвидени за уредноста на предлогот.

Доверителот само нема право да бара постапување од нотарот сè додека не ги плати нотарската награда и трошоците, иако рок во кој доверителот треба да ги плати нотарските трошоци и награди не е пропишан со закон, за разлика од рокот на плаќање на судската такса на предлогот, од денот на поднесување, осум дена.

Во постапката за издавање решение за нотарски платен налог, доверителот не може да бара од нотарот постапување по неговиот предлог се додека не ги намири нотарската награда и трошоците. [48]Со измените на Нотарската тарифа точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите„а предлогот се смета за неуреден“[49].Уредноста на поднесокот, вклучително и на предлогот, првенствено е предвидена и пропишана со ЗПП како lex generalis, кој има супсидијарна примена. [50]

Во ЗПП се предвидени и последиците од неуредност и постапувањето на нотарот во таков случај, а одредби за тоа содржи и чл. 21, ст. 3 и 4 од ЗИД на ЗН со кој е изменет чл. 71 од ЗН. Во смисла дека доверителот е должен да ги плати нотарската награда и трошоците при поднесувањето на предлогот и да приложи доказ дека се платени.

Недозволено е со подзаконски акт, како што е Нотарската тарифа, да се пропишуваат последици што не се предвидени со закон.

Доверителот не може да бара постапување од нотарот, не може да бара нотарот да издаде решение, да го достави до должникот итн. Тоа значи дека не тече рокот од три дена во кој нотарот е должен да донесе решение и нема да има одговорност за тоа.[51] Овој рок тече откако нотарот ќе оцени дека е месно надлежен, предлогот е уреден, допуштен и основан.[52]

Нотарот, врз основа на податоците содржани во предлогот, ја оценува надлежноста, по приемот на предлогот за издавање решение за нотарски платен налог.

---

[48] Нотарската тарифа (*Службен весник на РМ,* 226/16, чл. 26)
[49] Измените на Нотарската тарифа од 8 февруари 2019 година (*Службен весник на РМ,* бр. 33/2019, чл. 1)
[50] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ,* бр. 79/05,110/08,83/09,116/10,124/15, чл. 98 од ЗПП)
[51] Нотарската тарифа (*Службен весник на РМ*, 226/16, чл. 26) „Во постапката за издавање решение за нотарски платен налог доверителот не може да бара од нотарот постапување по неговиот предлог сè додека не ги намири нотарската награда и трошоците, а предлогот се смета за неуреден“.
[52] Законот за нотаријатот (*Службен весник на РМ*, бр. 72/16, 233/18, чл. 71, ст. 6)

Ако од податоците во предлогот оцени дека не е месно надлежен ќе го повика со писмо – известување доверителот или неговиот полномошник, во рок од осум дена од приемот на известувањето, да определат месно надлежен нотар.

По добивање одговор од доверителот, до определениот месно надлежен нотар, ненадлежниот нотар ги доставува списите, заедно со известувањето до доверителот и поднесокот со изјаснување на доверителот.

Ненадлежниот нотар не донесува формално решение со кое се огласува за ненадлежен, бидејќи доверителот определил месно надлежен нотар. За да не создава нотарот трошоци, нема потреба да се изработува решение со право на приговор.

На пример: Ситуации кога доверителот по грешка доставил предлог до нотар што не е надлежен за постапување и за издавање решение и нема потреба од трошоци за доставување и за изработување решение и да се чека истекување на рок за приговор за ова решение.

Нотарот донесува решение со кое се огласува за месно ненадлежен во случај кога има пасивен доверител, тоа е доверител кој не доставил известување во законски определниот рок од 8 дена и нема определено месно надлежен нотар.

Нотарот, откако ќе почека да измине законски определениот рок и уште два-три дена за да не се случи да има поднесено известување по пошта, ќе согледа дека доверителот не се има произнесено, па по свој избор определува месно надлежен нотар на кој по правосилноста на решението со кое се огласува за ненадлежен ќе му ги достави списите за понатамошно постапување.

Примерок од решението нотарот доставува само до доверителот, на кое решение доверителот има право на приговор во рок од осум дена. Доколку нема поднесено приговор на решението или по донесена одлука на судот по приговорот, нотарот ќе го означи решението како правосилно со потврда за правосилност и ќе ги достави списите до надлежниот нотар определен во решението.

Законот за нотаријат не предвидел можност, во случај доколку нотарот утврди дека е месно ненадлежен по донесување решение за издавање нотарски платен налог како да постапува. Во ваква ситуација се применуваат одредбите од ЗПП, [53] нотарот ќе му го отстапи предметот на надлежниот нотар, по правосилноста на решението со кое

[53] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, чл. 426, ст. 2) Ако судот по издавањето на судскиот платен налог утврди дека е месно ненадлежен нема да го укине судскиот платен налог, туку по правосилноста на решението со кое се огласил како ненадлежен ќе му го отстапи предметот на надлежниот суд.

се огласил како ненадлежен, а притоа нема да го укине решението со кое е издаден нотарски платен налог.

Тогаш надлежниот нотар ќе постапи согласно чл. 20, ст. 2 од ЗПП,[54] како што постапува судот на кого му е отстапен предметот на надлежност, ја продолжи постапката како да била поведена кај него, а во согласност со ст. 4 од истиот член и закон, одлуките што ги донел ненадлежен суд и сите дејствата што ги презел, не се без важност само поради тоа што ги презел ненадлежен суд.

Така, надлежниот нотар на кој му е отстапен предметот (најчесто тоа е во фаза на доставување до должникот), ќе го достави решението коешто е веќе донесено до должникот од ненадлежниот нотар. Ако има поднесено приговор од должникот, надлежниот нотар ќе го достави до неговиот надлежен основен суд, ќе стави потврди на правосилност и на извршност на решението за издавање нотарски платен налог донесено од ненадлежниот нотар.

Во однос на постапувањето по предлогот кога нотарот ќе утврди дека предлогот е неуреден, се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка, за неуреден поднесок.

Ако доверителот – кој нема полномошник, предлогот не го составил уредно, нотарот ќе му го врати предлогот со известување и наведување на сите недостатоци кои доверителот треба да ги отстрани и точно да го уреди предлогот. Нотарот ќе продолжи да постапува и ќе донесе решение, ако доверителот постапил по насоките на нотарот и во определениот рок го поднел уредениот предлог.

Во списите на предметот од важност е хронологијата односно хронолошкиот ред на постапувањето. Од таа причина составен дел на предметот се и писмото – известувањето од нотарот, поднесокот со кој доверителот го уредил предлогот, односно уредениот предлог.

Во предметот се отсликува на кој начин е постапувано и дали имало уредување на поднесокот, кои се датумите на прием на поднесоците и на уредениот поднесок, на

[54] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, чл. 20) По правосилноста на решението со кое се огласил за ненадлежен (член 19), судот ќе му го отстапи предметот на надлежниот суд. Судот на кој му е отстапен предметот како надлежен ќе ја продолжи постапката како да била поведена кај него. Ако одлуката за ненадлежност била донесена на подготвителното рочиште, нема да се закаже ново подготвително рочиште ако претседателот на советот смета дека тоа не е потребно, со оглед на дејствијата преземени на поранешното подготвително рочиште. Дејствијата што ги спровел, како и одлуките што ги донел ненадлежен суд, не се без важност само поради тоа што ги презел ненадлежен суд.

кој како ден на прием се зема првиот пат кога бил поднесен до нотарот, со ова се запазува интенцијата на законодавецот во однос на застареноста на побарувањето.

Настанатиот прекин на застареноста, на денот на поднесување на неуредниот предлог, кој подоцна бил уреден и предаден на нотарот во определениот рок, ќе се смета дека е поднесен тој ден кога првпат бил поднесен до нотарот.

Доверителот ако не го врати предлогот на нотарот ќе се смета за повлечен, а ако биде вратен без уредување, со решение ќе го отфрли предлогот. На решенијата доверителот има право на приговор, при тоа предлогот кој е повлечен се смета како да не ни бил поднесен и доверителот може повторно да го поднесе со тоа што рокот на застареност со поднесениот прв предлог не е прекинат.

Предлогот кој прв пат е поднесен и по кој е донесено решение со кое се отфрла предлогот како неуреден, предизвикува прекин на застареноста, согласно чл. 379, став 1 од ЗОО,[55] доколку доверителот од денот на правосилноста на решението за отфрлање на нотарот во рок од три месеци поднел друг предлог.

Поинаква е ситуацијата кога предлогот од полномошник е поднесен. Нотарот ќе го отфрли со решение како неразбирлив или ако не ги содржи податоците од чл. 98, ст. 3, 4 и 5 од ЗПП[56] или не е поднесен во доволен број примероци заедно со прилозите и со веродостојната исправа во оригинал или заверен препис за примерокот на нотарот, кога тие се поднесени во писмена форма.

Ваквото решение има последици како за поднесена тужба во суд и доверителот нема право да поднесува друг предлог.

---

[55] Закон за облигационите односи (*Службен весник на РМ*, бр. 18/2001, 78/2001, 04/2002, 59/2002, 05/2003, 84/2008, 81/2009 и 161/2009, чл. 379) Ако тужбата против должникот е отфрлена поради ненадлежност на судот или поради некоја друга причина која не се однесува на суштината на работата, па доверителот повторно подигне тужба во рок од три месеци од денот на правосилноста на одлуката за отфрлање на тужбата, се смета дека застарувањето е прекинато со првата тужба.

[56] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15) Според чл. 98, став 3, 4, 5: „Поднесоците мора да бидат разбирливи и мора да го содржат сето она што е потребно за да може да се постапи по нив. Тие особено треба да содржат означување на судот, име и презиме поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на странките, односно фирмата и седиштето на правното лице запишани во Централниот регистар на Република Македонија или друг регистар поткрепени со доказ од соодветниот регистар, нивните законски застапници и полномошници, ако ги имаат, предмет на спорот, вредноста на спорот, содржина на изјавата и потпис на подносителот, односно електронски потпис, е-меил адреса и контакт телефон. Поднесоците поднесени од адвокати, државен орган односно орган на државна управа, единици на локалната самоуправа, правни лица и лица кои вршат јавни овластувања покрај податоците од ставот 3 на овој член треба да содржат и податоци за електронско сандаче за достава на писмената, регистрирано согласно со закон. Странката во поднесокот е должна да го наведе својот единствен матичен број на граѓанинот, односно единствениот матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС) за правните лица“.

Решенија што ги донесува нотарот се во најголем дел од процесно правна природа, освен решението со кое се усвојува предлогот за издавање нотарски платен налог со кој мериторно се одлучува.

Решенија од процесно-правна природа кои ги донесува нотарот се: решение со кое предлогот за издавање нотарски платен налог се смета за повлечен поради неплатена судска такса, решение со кое нотарот се огласува дека не е месно надлежен, а притоа:

а) донесува решение со кое нотарот се огласува за месно ненадлежен и списите на предметот ги доставува по избор на доверителот, на месно надлежен нотар и

б) донесува решение со кое нотарот се огласува за месно ненадлежен и списите на предметот ги доставува по свој избор на месно надлежен нотар.

Потоа решение со кое предлогот на доверителот за издавање нотарски платен налог поради неуредност се смета за повлечен, решение со кое предлогот на доверителот како неуреден се отфрла, решение со кое предлогот на доверителот се отфрла кога е неразбирлив, а е поднесен преку полномошник, решение за прекин на постапката (најчесто во случаи кога доверителот или должник како физичко лице ќе почине, правното лице престанало да постои, правни последици од стечајна постапка и сл.), решение за укинување на решението за издавање нотарски платен налог и отфрлање на предлогот поднесен од доверителот, решение со кое се укинува решението за издавање на нотарски платен налог кон еден од должниците и во тој случај предлогот на доверителот се отфрла како недозволен само кон тој должник, решение за одбивање поради неоснованост на предлог од должникот за укинување на потврдата за правосилност и извршност, решение со кое нотарот ја укинува потврдата за извршност и правосилност, решение за отфрлање предлог од должникот за укинување потврдата за извршност и правосилност, решение за повлекување на предлогот за издавање на нотарски платен налог и решение за исправка на решението за издавање на нотарски платен налог.[57]

[57] Нотариус број 35, д-р Арсен Јаневски, професор во пензија, Решение за издавање на нотарски платен налог и приговор против решението со кое е издаден нотарски платен налог, стр. 45, 49, 50

До надлежниот основен суд на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на нотарот што постапува по предлогот, против сите решенија на нотарот е дозволен приговор во рок од осум дена од приемот на решението преку нотарот.

Приговорот се поднесува до нотарот, а нотарот со списите го доставува до надлежниот суд. Во рок од осум дена од приемот на решението на судот е дозволена жалба до надлежниот апелационен суд.

Нотарот веднаш, а најдоцна во рок од три дена од приемот на предлогот ќе донесе решение со кое го издава предложениот нотарски платен налог кога ќе утврди дека е надлежен, предлогот е уреден, допуштен и основан и со тоа решение одлучува мериторно. Решението кое го донесува нотарот е едноставна одлука, па пропишаниот рок од три дена се смета како доволен за донесување на ваков вид на одлука.

Содржината на решението со кое нотарот го издава нотарскиот платен налог е задолжителна и се состои од: податоци за нотарот кој го издава нотарскиот платен налог, број на предметот под кој е заведен кај нотарот, назначување дека е решение со кое се издава нотарски платен налог, назначување дека предложениот нотарски платен налог се усвојува со задолжување на должникот да му го плати на доверителот пристигнатото парично побарување според веродостојната исправа, вид и обем на побарувањето како и трошоците во постапката кои ќе го задолжи да се платат од приемот на решението во рок од 8 дена, правна поука дека против решението е дозволен приговор во рок од 8 дена од денот на приемот на решението со кое е издаден нотарскиот платен налог, потпис и печат, датум на донесување на решението.

Во решението со кое се издава нотарски платен налог рокот за давање на приговор се совпаѓа со доброволниот рок за исполнување на паричната обврска наведен во решението, што укажува на неговата кондемнаторна природа.

Рокот за должникот почнува да тече од денот кога е доставено решението за издавање на нотарски платен налог на должникот.

Должината на рокот за изработка и донесување на решението е земена во сооднос со пропишаните рокови за изработка на судска одлука кои рокови се 15 дена за сложени предмети и 8 дена за спорови од мала вредност, работни спорови и други останати предмети.

Доставата на решението до доверителот или до неговиот полномошник и до должникот, се врши веднаш, односно се експедира и се испраќа веднаш. Доставата се врши со доставница, уредно пополнета во која се пополнува меѓу останатите податоци број на предмет, датум и решението се доставува, предлогот, прилози. Кога

должникот приговара дека примил само решение без прилози и не знае за што се однесува барањето за плаќање, па судот му врши достава, тоа ја одолжува судската постапка, укажува на неуредно и неажурно постапување на нотарот.

Законот за нотаријат[58] пропишал во кои случаи решението се доставува до Државниот правобранител и строго пропишал дека со решението до должникот се доставува и примерок од предлогот, заедно со прилозите. Во спротивно, доставувањето ќе се смета како неуредно.

Меѓутоа, и покрај конкретната законска одредба, која е преземена од ЗПП, многу често се случува до должникот да биде доставено само решението, а должникот приговара дека не го примил предлогот со прилози, па дури откако предметот ќе дојде во судот, судот му ги доставува предлогот и прилозите.

Нотарот ако оцени дека предлогот не е допуштен или не е основан, во тој случај ќе го препрати предметот до надлежниот суд за натамошно постапување и одлучување како да е поднесена тужба.[59]

4.4. Приговор против решението со кое е издаден нотарски платен налог

Против решението со кое е издаден нотарски платен налог, како и против одлуката за трошоците, право на приговор имаат доверителот и должникот. Приговор преку нотарот, се поднесува во рок од осум дена, сметано од денот на приемот на решението, до надлежниот основен суд на чие подрачје е седиштето на нотарот кој постапувал по предлогот. Иако ова право не изгледа дека доверителот речиси некогаш ќе го користи да приговара во однос на главното побарување, освен за делот на трошоците. Меѓутоа тоа се ситуации кога доверителот побарал со предлогот, нотарот да задолжи плаќање на износот од 3.000,00 денари, според чл. 8 од Законот за финансиска дисциплина[60], а нотарот во решението тоа го пропуштил.

Во овој случај може да се донесе дополнително решение од нотарот, само под условите доколку странката – доверителот го побара тоа во рок од 15 дена од приемот

[58] Законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот (*Службен весник на РМ*, бр. 233/18 од 20.12.20218 година, чл. 21, став 7)

[59] Законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот (*Службен весник на РМ*, бр. 233/18 од 20.12.20218 година, член 21, став 8, со кој е изменет чл. 71 од ЗН)

[60] Закон за финансиска дисциплина (*Службен весник на РМ*, бр. 187/2013, 201/2014 и 215 од 07.12.2015 година) Доверителот има право на надоместок за доцнење при исполнувањето на паричната обврска од должникот во износ од 3.000 денари, доколку паричната обврска не е исполнета во роковите утврдени со одредбите од членовите 5, 6, 6-а, 7 и 18 од овој закон, без претходно потсетување и опомена на должникот.

на нотарското решение, а ако го пропушти пропишаниот рок, нотарот ќе го отфрли предлогот како ненавремен.[61]

Нотарот е врзан за предлогот на доверителот, и е должен да одлучи за сите барања за кои мора да одлучи или доколку пропуштил да одлучи за дел од барањето, ќе донесе дополнително решение, а не може да донесува решение за исправка. Причина за тоа е што со решението за исправка[62], се поправаат очигледни грешки од нотарот не и од странките. Како на пример, грешки во пишувањето и во сметањето, грешките во имињата и во броевите, како и други грешки, и во него не се внесува целата содржина на текстот во кој се наоѓа грешката, решението за исправка се внесува на крајот од оригиналот на решението, а до странките се доставува препис од решението. Основното решение може да има датуми за правосилност и извршност различни од датумот на правосилност и извршност на решението за исправка, бидејќи исправка може да се бара во секое време и по правосилноста на решението за издавање нотарски платен налог.

Нотарот кој го издал решението за издавање нотарски платен налог, до кој е доставен приговорот, секогаш и без исклучок по приговор ги доставува списите до надлежниот основен суд на чиешто подрачје е седиштето на нотарот што постапувал по предлогот. Нотарот не го засега приговарањето на месна ненадлежност истакнато од должникот во приговорот, и дали постоела или не договорена надлежност. За тоа ќе одлучи судот. Само со судот за чиешто подрачје е именуван нотарот, комуницира и нема исклучок од тоа правило.

Постапката по предлогот е единствена постапка која започнува пред нотар, која по приговорот продолжува пред основниот суд на чие подрачје е седиштето на нотарот што постапува по предлогот, па не може да се примени одредбата за договорна надлежност од Законот за парничната постапка, странките да се спогодат – во прв степен да им суди суд кој месно не е надлежен, под услов да е стварно надлежен.[63]

Постапката започната пред нотар по поднесен предлог за издавање нотарски платен налог, односно постапката по приговор против решение за издавање нотарски платен налог е во исклучива надлежност на судот на чие подрачје е седиштето на нотарот кој постапувал по предлогот.

---

[61] Закон за парнична постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, чл. 328, ст. 1)
[62] Закон за парнична постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, чл. 331)
[63] Решение на Апелациониот суд Штип, Р-21/23 од 06.03.2023 година

Постапувањето и одлучувањето по приговорот на решението со кое е издаден нотарски платен налог е целосно од страна на судот; имено судот донесува решение ако приговорот е недозволен, нецелосен или ненавремен[64].

4.5. Потврда за правосилност и извршност

По службена должност, нотарот ако не прими приговор, или ако со правосилно решение приговорот е отфрлен од страна на судот, ќе стави потврда на правосилност и на извршност на оригиналниот примерок од решението со кое е издаден нотарски платен налог. Со цел да се намалат трошоците во постапката, не е потребно писмено барање од доверителот или адвокатот за ставање потврда за правосилност и за извршност и за трошоци за составување на ова барање.

Иако се користи во мал број случаи, ставање делумна правосилност и извршност од страна на нотарите, како законска можност постои, и тоа кај солидарноста на страната на должникот, кога како должници се јавуваат повеќе лица, солидарно одговорни за плаќање на долгот.

Условите за ставање потврда за делумна правосилност и извршност се исполнуваат во случај кога еден од должниците уредно го примил решението, не изјавил приговор. Ако има поднесено приговор од еден од должниците, судот ќе одлучува само по приговорот на должникот што изјавил приговор и ќе донесе пресуда. Меѓутоа и во таа ситуација нотарот е должен уредно да го достави решението, предлогот и прилозите до сите солидарни должници, во судот да ги достави списите само по изјавените приговори, а да стави потврда за делумна правосилност и извршност на решението на тие должници што не изјавиле приговор. За ставање потврда за правосилност и извршост на нотарот – не му припаѓа награда.

[64] Закон за парнична постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10 ,124/15, чл. 428-а

4.6. Укинување на потврдата за правосилност и извршност

Во член 14 став 1 од Законот за извршување[65] е наведено- дека судската одлука е извршна ако станала правосилна и ако истекол рокот за доброволно исполнување на должниковата обврска. Правосилна е онаа пресуда која повеќе не може да се побива со жалба во смисла[66] на Законот за парничната постапка.

Ако нотарот увиди по службена должност или по писмен предлог од странката, дека неосновано е ставена потврдата на правосилност и на извршност, во рок од 8 дена по приемот на предлогот, или ако констатирал самиот, ќе ја укине со донесување решение за укинување на правосилност и извршност.[67]

Против решението на нотарот за укинување на извршност и правосилност, незадоволната странка има право на приговор во рок од 8 дена од денот на приемот на решението. При прием на поднесокот кој е упатен по пошта со препорачана пратка, денот на предавањето во поштата се смета како ден на предавање на судот, до кој е упатен.[68]

Во ситуација ако нотарот на решението веќе ставил потврди за правосилност и за извршност, а во случајот приговорот да доцнел по пошта, бил извршен прием со препорачана пратка, нотарот ќе постапува по приговорот и ќе го достави на постапување на судот како навремен приговор.

Нотарот тогаш ќе постапи по чл. 12, став 3 од Законот за извршување, неоснованата потврда за извршноста со решение ќе ја укине истиот суд, односно орган што ја ставил по предлог или по службена должност и ќе ги укине потврдите за правосилност и за извршност. Ако нотарот пропушти да ја укине правосилноста и извршноста на решението со донесување на решение на кое има право на приговор, а го доставил на судот на одлучување предметот со списите, тогаш судот административно ќе го врати предметот до нотарот.

Должниците, во многу случаи, иако треба да поднесат предлог за укинување на потврдите на правосилност и на извршност, поднесуваат предлог за повторување на постапката, а притоа повикувајќи се на тоа дека не го примиле решението.

---

[65] Закон за извршување објавен во Службен весник на РМ“ бр.72/16, 142/16, 233/18 и 14/20) -член 14 ст.1

[66] Законот за парнична постапка (*Службен весник на РМ*, бр. 79/05 од 21.09.2005 год., чл. 322

[67] Закон за нотаријат, член 74, ст.1

[68] Законот за парнична постапка (*Службен весник на РМ*, бр. 79/05 од 21.09.2005 год., чл. 105, ст. 2)

Ваквите предлози за повторување на постапката нотарот ќе ги смета како предлог за укинување на потврдите на правосилност и на извршности ќе донесе одлука како по предлог за укинување на потврдите на правосилност и на извршност.

Списите не се доставуваат до судот од нотарот, нотарот си постапува до донесување на решение како по предлог за укинување правосилност и извршност.

4.7. Трошоците во врска со предлог за укинување на потврдите за правосилност и за извршност

Кога нотарот ќе донесе решение со кое е укината потврдата за правосилноста и извршноста на донесеното решение за издавање платен налог, односно кога должникот ќе успее, предлогот, решението и прилозите се доставуваат до должникот за да поднесе приговор. Нотарот не одлучува за трошоците на должникот, затоа што постапката не се завршува со решението со кое е укината потврдата за правосилноста и извршноста на донесеното решение за издавање платен налог. Постапката тогаш продолжува по приговор пред судот и судот одлучува за барањето за надомест на трошоците во судската одлука што ќе ја донесе.

За услуги што произлегуваат од комунални дејности, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување заеднички простории и наводнување и одводнување на земјоделско земјиште, нотарот судските такси не ги наплаќа како судска такса за издавање нотарски платен налог.[69]

Кога доверителот не бара формално решение ако е повлечен предлогот пред да биде поднесен приговор, нотарот ќе ги архивира списите. Ако е поднесен приговор, за повлекувањето на предлогот е потребна согласност на должникот.

Таксата за приговор ја наплатува нотарот[70]. Судската такса за приговор доколку не е платена со приговорот, нотарот ја исполнува оваа обврска и со преземање на дејства за присилна наплата на таксата за приговор, со цел да ја наплати судската такса а потоа да ги достави списите до судот. Согласно Законот за нотаријат кој пропишува рок од три дена за достава на приговорот до судот, но прво нотарот е должен да ја исполни обврската за наплата на судската такса за приговор, која, според наведеното правно мислење на Врховниот суд на РСМ, е обврска на нотарот.

[69] Мислење од Министерство за правда бр. 09-511/2/2 и 21/70 од 24.01.2019 година и 25.12.2019 година
[70] Правно мислење на одделот за граѓански дела при Врховниот суд на Република Македонија од 23 февруари 2015 година

Побарувањето на доверителите по чл. 8 од Законот за финансиска дисциплина во износ од 3.000,00 денари по фактура, не треба да биде пресметано во вредноста на предметот на спорот. Овој износ не влегува како основица за плаќање на судската такса затоа што, кога за утврдување на составот на судот, правото на изјавување ревизија и во други случаи предвидени со Законот за парничната постапка е меродавна вредноста на предметот на спорот, како вредност на предметот на спорот се зема предвид само вредноста на главното барање.

Каматите, парничните трошоци, договорената казна и другите споредни барања не се земаат предвид ако не го сочинуваат главното барање.[71]

Надоместот за доцнење во исполнувањето на паричната обврска претставува еднократен паричен надомест, кој должникот го плаќа на доверителот во случај кога паричната обврска не е исполнета во роковите утврдени со Законот за финансиска дисциплина и се прифаќа како барање кое е споредно. Според Нотарската тарифа, определувањето на вредноста на побарувањето во предлогот за издавање решение за нотарски платен налог, трошоците на постапката и споредните побарувања се земаат предвид само ако се предмет на главното побарување наведено во барањето.[72]

Надоместот на трошоци и наградата, кои на адвокатот и нотарот им ги платил доверителот се трошоци на постапката, и должникот треба да ги плати на доверителот. За адвокатските трошоци и нотарските трошоци кои настанале по донесување на нотарскиот платен налог, а кои не се опфатени во него, на доверителот, адвокатот и нотарот ќе му изготват пресметковен лист, кој е составен дел на нотарскиот платен налог. Овој пресметковен лист е составен дел на правосилното и извршно решение со кое е издаден нотарскиот платен налог, а кое е истовремено извршна исправа врз основа на која се спроведува извршување, па и овие трошоци ќе можат да се извршат односно намират.

[71] Законот за парничната постапка (*Службен весник на РМ*, бр. 79/05 од 21.09.2005 год., чл. 28, ст. 2)
[72] Нотарската тарифа (*Службен весник на РМ*, 226/16, 33/2019 год., чл. 23, ст. 2)

4.8. Достава на писмената од нотар

Доставата на решенијата за издавање нотарски платен налог по стапување на сила на ЗИД на ЗН се врши според правилата за достава уредени со ЗПП. [73] Не постојат специјални одредби односно посебни за достава на решенијата за нотарски платен налог.[74]

Доставата на решенијата за издавање нотарскиот платен налог според ЗИД на ЗН се врши согласно правилата на парнична постапка,[75] односно лично до странката што е физичко лице, односно до нејзиниот законски застапник, односно полномошник, така што му се предава непосредно на лицето на кое му е испратено. Првата достава на должникот се врши на адресата наведена во предлогот. Ако првата достава не е уредна, писменото ќе му се испрати на должникот препорачано по пошта. Ако не биде подигнато во рок од осум дена од денот на известувањето дека треба да се подигне, ќе се смета дека доставата е уредно извршена.

Доставата на физичко лице се врши на адресата наведена во тужбата.[76] Ако доставата на таа адреса не успее, тогаш доставата се врши на адресата запишана во личната карта.

Тоа значи дека ако првата достава на адресата наведена во предлогот не успее или е неуредна, пред да се пристапи кон втора достава и да се биде сигурен дека доставата се врши на адресата на должникот што е запишана во неговата лична карта, потребно е нотарот да обезбеди податок од МВР за адресата на должникот запишана во лична карта и ако добие податок дека е тоа истата адреса наведена во предлогот, втората достава ја врши препорачано по пошта. Ако должникот во рок од осум дена не ја подигне пратката се смета дека доставата е уредно извршена.

Доколку од МВР се добие податок дека во лична карта должникот има запишано друга адреса, различна од таа што е наведена во предлогот на која била вршена првата достава, тогаш нотарот врши достава на таа адреса и тоа е прва достава, а ако не е успешна, врши втора достава, препорачано по пошта, и ако должникот во рок од осум дена не ја подигне пратката се смета дека доставата е извршена уредно.

---

[73] Закон за парнична постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, глава 10 од чл. 125-143)

[74] Постапка за донесување решение за нотарски платен налог и за достава во согласност до ЗИД на Законот за нотаријат-практична примена, проблеми и дилеми, судија Наталија Донева, Нотариус 35, стр. 39 – 43

[75] Закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријат (*Службен весник на РМ*, бр. 233/18 од 20.12.20218 година, член 29)

[76] Закон за парнична постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, чл. 128, ст. 4)

Доколку нотарот добие известување од МВР дека со исто име и презиме има повеќе лица, во тој случај нотарот треба да се обрати до доверителот и од него да бара податоци за идентификација на должникот (татково име, место на раѓање, датум на раѓање, број на лична карта).

Нотарот не може да бара од доверителот матичен број, кој е личен податок. Во случај доколку нотарот добие од МВР податок дека должникот нема живеалиште во РМ, дека е во странство и нема запишана адреса на живеалиште и престојувалиште во РМ, во тој случај нема законска пречка нотарот од страна на Центарот за социјална работа да побара да му назначи привремен застапник на должникот[77]. Во ваквата состојба постојат законски услови на должникот да му се постави привремен застапник и нотарот треба да го извести доверителот затоа што трошоците за привремениот застапник паѓаат на товар на доверителот, кој ќе треба да му ги надомести на привремениот застапник, па доколку станува збор за помал долг, доверителот да има можност да процени дали има интерес да ја продолжи постапката. Откако нотарот ќе добие решение од Центарот за социјална работа, предлогот, прилозите и решението ги доставува до назначениот привремен застапник на должникот, кому му го доставува и решението од Центарот, во случај, евентуално, да не го примил од Центарот.

Доколку доставата на физичко лице не успее на адресата наведена во тужбата, тогаш се врши на адресата запишана во личната карта, ако доставата со препорачана пратка на адресата запишана во личната карта не успее, се врши со објава на писменото на огласната табла во судот и на веб-страницата на судот[78]. Се смета дека доставата е извршена по истекот на осум дена од денот на објавувањето на писменото на огласната табла на судот или на веб-страницата на судот. Меѓутоа, во чл. 137[79], Законот за парничната постапка предвидел специјална одредба за достава на платен налог, според која се врши лична достава до должникот што е физичко лице. Судската практика има неподелен став за ова прашање дека платен налог на должник што е физичко лице не може да му се достави со објава на огласната табла во судот.

Доставата на правните лица се врши на адресата наведена во предлогот. По правило, тоа е адресата наведена во тековната состојба на должникот, која уште со

[77] Закон за парнична постапка (*Службен весник на РСМ*, бр.79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, чл. 76)
[78] Закон за парнична постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, чл. 128, став 4 и став 5)
[79] Закон за парнична постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, чл. 137) Тужба, платен налог, вонреден правен лек, пресуда, решение донесено во постапка поради смеќавање на владение, како и решение против кое е дозволена посебна жалба, ќе се доставаат лично до странката која е физичко лице, односно до нејзиниот законски застапник, односно полномошник.

поднесување на предлогот, доверителот е должен да ја поднесе. Поради ова, во согласност со чл. 128, ст. 1 од ЗПП, доставата на правно лице што е запишано во трговскиот или друг регистар се врши на адреса запишана во трговскиот или друг регистар.

Според ст. 2, доколку доставата не успее на таа адреса, се врши со објава на писменото на огласна табла на судот и на веб-страницата на судот. Се смета дека доставата е извршена уредно по истекот на осум дена од денот на објавувањето на писменото на огласната табла во судот или на веб-страницата на судот. Во согласност со ст. 3, овие одредби се применуваат и на физичките лица што вршат определена дејност запишана во трговскиот или друг регистар, кога на тие лица им се врши достава во врска со дејноста што ја вршат.

Иако од законската формулација од чл. 128, ст. 1 и 2 од ЗПП, произлегува дека ако првата достава не успее на адресата запишана во тековна состојба, доставата веднаш се врши со објавување на огласна табла, судската практика не го прифаќа ваквото постапување, повикувајќи се на примена на чл. 125, ст. 2 од ЗПП, според кој судот е должен во периодот од 15 дена, сметано од денот кога ќе се утврди потребата од доставување, да направи два обида едноподруго да се изврши уредно доставување. Доколку доставата не успее, тогаш писменото се објавува на огласната табла на судот и со истекот на осум дена од денот на неговото објавување се смета дека доставата е извршена.

Објавата на огласната табла во судот ја врши нотарот. Тоа значи дека нотарот не ги доставува писмената до судот со барање судот да ги објави на огласната табла и да го извести нотарот за денот на објавата, затоа што судот не врши сервисни услуги на нотарот. Со објавата на огласната табла, покрај решението за издавање нотарски платен налог, се објавува и предлогот со прилози и тоа треба јасно да е содржано во објавата.

5. Постапка на судот по приговор по нотарски платен налог

5.1. Оцена на приговорот по нотарски платен налог

По приговор на решението за издавање нотарски платен налог, одлучува надлежниот основен суд, односно судот на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на нотарот што постапувал по предлогот, преку нотарот што го донел решението со кое е издаден нотарскиот платен налог.[80]

По приемот на приговорот поднесен против решението за издавање нотарски платен налог, нотарот е должен предметот со сите списи да го достави до надлежниот основен суд во рок три дена. Судот, откако ќе го добие приговорот со списите на предметот, оценува дали е приговорот поднесен во рокот, дали е дозволен или целосен и без одржување на рочиште. Ненавремените, нецелосните или недозволените приговори ќе ги отфрли. Судот посебно ќе го отфрли приговорот поднесен од лице против кое не е издадено решението за нотарски платен налог. Решението за отфрлање го донесува судијата поединец или претседателот на советот. Ваквата можност за оцена на приговорот е законски дадена на судот, кој може и да го отфрли приговорот, за разлика од нотарот која нема надлежност да цени дали приговорот против решението со кое е издаден нотарски платен налог е навремен, целосен или дозволен.

Од истите причини од кои може да се поднесе жалба против пресуда, може да се поднесе приговор против решението со кое издаден нотарскиот платен налог – неограниченост на платниот налог. Иако нема одредби во Законот за нотаријат дека приговорот треба да биде образложен и судот не може да го отфрли приговорот како необразложен, пожелно е странката да го образложи приговорот.[81]

Постапувајќи по приговорот на издадениот нотарски платен налог, ако судот утврди дека не е стварно надлежен, нема да го укине платниот налог, туку судот ќе се огласи за ненадлежен и предметот со сите списи ќе го достави до стварно надлежниот суд. Тоа е случај кога приговорот е доставен на основен суд со основана надлежност, а стварно надлежен да постапува е основен суд од проширена надлежност.

---

[80] Закон за парнична постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, чл. 428-а (1))

[81] А. Јаневски, Т. Зоровска-Камиловска, Граѓанско процесно право, книга прва, Парнично право – Скопје, 2012 година, стр. 514

Табела 1: Споредба на судски платен налог и нотарски платен налог, по однос на правен лек

Судски платен налог	Нотарски платен налог
Приговор 1. за главната работа и трошоци	**Приговор** 1. за главната работа и трошоци 2. само за трошоци 3. против решение во врска со укинување на потврди за правосилност и извршност 4. против решение за отфрлање на предлог како неуреден 5. кога или кога се смета за повлечен – неуредување – неплатена судска такса
Жалба 1. само за трошоците 2. против решение по предлог за укинување на потврди за правосилност и извршност 3. против решение за отфрлање приговор 4. други процесни решенија	Нема
Преку адвокат не е задолжително	Преку адвокат

5.2. Постапување на судот по приговорот

Во постапката по приговор на нотарски платен налог странките добиваат нови ознаки така што доверителот станува тужител, додека должникот – тужен. Иако се работи како по тужба, судска такса не се доплаќа кај постапката по приговор на нотарски платен налог, бидејќи иницијален акт не е тужба во постапката. Тужителот ќе се задолжи во налогот за такса од пресудата со плаќање на судска такса, само за пресуда.

Во постапката пред нотарот при донесување на решението со кое нотарот го издал предложениот нотарски платен налог, не е водена усна расправа за неговата основаност како и за претпоставките за негово издавање. На должникот не е дадена можност пред нотарот, тој да се изјасни за предлогот на доверителот, да даде свое видување, на некој начин приговорот има карактер како на одговор на тужба. Судот ѝ го доставува на противничката страна приговорот против решението со кое е издаден нотарскиот платен налог.

Судот закажува, веднаш, главна расправа и во една контрадикторна постапка го цени барањето наведено во предлогот за издавање нотарски платен налог, неговата основаност и ги цени наводите во приговорот. Должникот во приговорот наведува дали го побива во дел, или во целост платниот налог и кога платниот налог се побива во целост, побивањето се однесува и на висината на каматата.

Со приговорот со кој не е оспорен одреден дел од главнината, и каматата се смета дека не е оспорена за тој дел. Во приговорот странката ги наведува фактите и доказите во поглед на побиваниот дел од нотарскиот платен налог. Ако стори веројатно странката дека без своја вина не можела во приговорот да ги приложи доказите и да ги обезбеди може да ги достави на првото рочиште за главна расправа, што значи дека должникот може да приложи вештачење во приговорот или на првото рочиште, а доверителот на првото рочиште.

5.3. Одлука на судот по приговорот

Судот по одржување на главната расправа по приговорот на издадениот нотарски платен налог, изведените докази, со пресуда одлучува за основаноста на приговорот и дали и во кој дел нотарскиот платен налог останува во сила или се укинува. Судот е должен да се придржува на законски пропишаниот рок од шест

месеци, во кој рок е должен да ја заврши постапката по приговорот пред првостепениот суд, сметано од денот на приемот на предметот во судот.[82]

Судот во изреката на пресудата одлучува за правната судбина на решението со кое е издаден нотарскиот платен налог. Со пресудата може да го одбие приговорот на тужениот, во тој случај решението за издавање нотарски платен налог останува во сила во целост.

На барање на тужителот, судот ќе досуди дополнителни трошоци во судската постапка. Доколку е делумно усвоен приговорот, а се однесува за главен долг, тогаш делумно се усвојува приговорот, решението се укинува за усвоениот дел од приговорот во останатиот дел останува во сила, притоа усвоениот и одбивателниот дел е еднаков на вкупното главно, односно споредно побарување.

При донесување на пресудата, судот може во изреката да одлучи дека делумно се усвојува приговорот, меѓутоа само во делот на споредното побарување, во тој случај во однос на главното побарување, решението останува во сила.

5.4. Право на правен лек

Против пресудата на судот со која е одлучено по приговорот на тужениот, незадоволната странка има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на пресудата, преку основниот суд до надлежниот апелационен суд. Жалбената постапка пред второстепениот суд треба да заврши во рок од 30 дена и да се донесе одлука по жалба поднесена против одлуката на првостепениот суд.[83] Притоа рокот се смета од датумот на прием на предметот во второстепениот суд.

Преку нотарот до основниот суд на чие подрачје е седиштето на нотарот кој постапувал по предлогот во рок од осум дена, дозволен е приговор против решението на нотарот за издавање нотарски платен налог по однос на одлуката за трошоците како и против одлуката на нотарот по предлогот за укинување на клаузулата на правосилност и извршност. Тогаш судот одлучува со решение по кое е дозволена жалба на решението во рок од осум дена до надлежниот апелационен суд.

[82] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, член 428-в, став 1)

[83] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, чл. 428-в, став 2)

Пример 2: Пресуда со која делумно се усвојува приговор

Бр. предмет

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Основниот суд ---------- како првостепен суд преку судијата ---------- како судија поединец, во правната работа на тужителот ---------- адреса, против туженият ---------- , адреса, за долг, вредност на спорот ----------, по одржаната главна, јавна и усна расправа во присуство на полномошникот на тужителот адвокат ---------- и туженият лично со полномошник адвокат ----------, на ден ---------- ја донесе и јавно ја објави, следната:

П Р Е С У Д А

ПРИГОВОРОТ на туженият ---------- , против Решението за издавање на нотарски платен налог НПН. бр. ---------- година на нотар ----------, ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА.

РЕШЕНИЕТО за издавање на нотарски платен налог НПН. бр. ---------- година на нотар ----------, со кое се задолжува туженият ---------- да му плати на тужителот ---------- износ на главен долг од ---------- денари со законска казнена камата во висина на референтната стапка на Народна банка на РСМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за осум процентни поени, сметано од датумот на доспеаноста на секоја фактура,

– на износ од ---------- сметано од --------- година

– на износ од ---------- сметано од --------- година

до конечната исплата, сето во рок од 8 дена од приемот на решението, ОСТАНУВА ВО СИЛА.

РЕШЕНИЕТО за издавање на нотарски платен налог НПН. бр. година на нотар ----------, со кое се задолжува туженият ---------- да му плати на тужителот ---------- износ на главен долг од ------- денари за ---------- со законска казнена камата, како и да

го надомести на тужителот износот од --------- ден., на име трошоци во постапката пред нотарот СЕ УКИНУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот на тужителот да му ги надомести дополнителните парнични трошоци во износ од ---- денари, во рок од 8 дена од приемот на пресудата.

О б р а з л о ж е н и е

Содржи образложение од кои причини судот ја донел пресудата.

Судија (претседател на советот – судија)

Правна поука:

Против ова решение, тужениот има право на жалба до Апелационен суд Штип, во рок од 8 дена по приемот на пресудата.

Налог за такса (за наплата на судска такса за одлуката)

Доставено до: двете странки

6. Методологија на истражувањето

Првата фаза на истражувањето за судскиот платен налог и нотарскиот платен налог се состоеше од собирање и анализирање на податоци, како и нивно запишување во првичен нацрт на анализата. Во оваа фаза се спроведе анализа на постоечката литература и идентификација на изворите на податоци и главни чинители.

При истражувањето се користеа следните методи за собирање на податоците:

Прибирање податоци по пат на писмено известување и согласно одредбите од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер.

Податоците се собираа од Основен суд Кочани и основните судови во Република Северна Македонија.

За анализирање на податоците, се применети методите на квантитативна и квалитативна анализа на податоците.

Истражувањето кое е спроведено се однесува за извештајните години 2020, 2021 и 2022 година.

Анализата е со цел да се утврди дали се применува судскиот платен налог како средство и правен инструмент за наплата на стасано парично побарување кога обврската треба да се исполни во странство, колку приговорот кој се поднесува кај нотарските платни налози за на подрачјето на Основен суд Кочани е оправдан, дали граѓаните го злоупотребуваат ова право и дали бројката на поднесените приговори од година во година опаѓа.

6.1. Метод на прибирање податоци по пат на писмено известување

Со писмено барање на податоци, побарано е секој основен суд засебно, на територијата на Република Северна Македонија, преку судските службеници кои работат по платни налози како иматели на информации од јавен карактер, на барателот на информации да достават податоци за следниве прашања кои се од интерес на спроведувањето на ова истражување:

– за бројот на поднесени тужби со предлог за издавање на судски платен налог,

– број на издадени судски платни налози и

– број за поднесени приговори на решенијата со кои се издадени судските платни налози за период 2020, 2021, 2022 година.

Со писмено барање податоци побарано е од Основниот суд Кочани преку судските службеници кои работат по платни налози, на барателот на информации да достави податоци за следниве прашања кои се од интерес на спроведувањето на ова истражување:

– Вкупен број на примени приговори од нотарите до судот за период 2020, 2021, 2022 година и заклучно со 30.06.2023 година;

– Број на донесени пресуди за периодот од 2020, 2021, 2022 година и заклучно со 30.06.2023 година, со кои се усвојува приговорот, број на пресуди со кои делумно се усвојува и број на пресуди со кои се одбива приговорот;

– Број на донесени решенија за отфрлање, ненадлежност, судско порамнување и враќање на нотар за период 2020, 2021, 2022 година и заклучно со 30.06.2023 година.

Со писмено барање податоци е побарано од четирите нотари на подрачјето на Основен суд Кочани, на барателот на информации да достават податоци за следниве прашања кои се од интерес на спроведувањето на ова истражување:

– Бројот на поднесени предлози за издавање решение за нотарски платен налог за период 2020, 2021, 2022 година;

– Број на издадени решенија со кои е издаден нотарски платен налог за период 2020, 2021, 2022 година;

– Број на поднесени приговори на решенијата со кои се издадени нотарските платни налози за период 2020, 2021, 2022 година.

Во однос на побараните податоци по писмен пат од судовите, беше искажана волја за соработка за потребите на ова истражување, па во најкус можен рок од страна на судовите беа дадени одговори на сите поставени прашања, кои беа одговорени сеопфатно и согласно бараното.

За целта на истражувањето беа од моја страна побарани податоци од нотарите, согласно Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер и тоа: бројот на поднесени предлози за издавање решение за нотарски платен налог, број на издадени решенија со кои е издаден нотарски платен налог, број на поднесени приговори на решенијата со кои се издадени нотарските платни налози за период 2020, 2021, 2022 година.

Нотарите беа затворени за соработка и не ги доставија бараните податоци, повикувајќи се на членот 6 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер.

6.2. Резултати од прибирањето податоци по пат на писмено известување

6.2.1. Резултати од прибирањето податоци по пат на писмено известување од основните судови во земјата за судски платни налози

Во однос на податоците добиени од судовите во земјата, за постапување по судски платни налози се заклучува дека поради специфичноста на судскиот платен налог како правен инструмент, кога тужбеното барање се однесува на парично побарување врз основа на веродостојна исправа како кај нотарскиот платен налог, со таа разлика што обврската при поднесување на тужбата со предлог за издавање судски платен налог треба да се исполни во странство и постапката се завршува во релативно краток рок од 3 (три) месеци, укажува дека овие предмети се поретки и мал е бројот на предметите од ваков вид по кои постапувале судовите.

Според податоците добиени од судовите, во работа број на предмети по поднесени тужби за издавање судски платен налог, судовите имале многу малку, а најголем број од судовите во извештајниот период од 2020 до 2022 година немале ниту по еден таков предмет.

Основниот суд во Тетово имал во работа најголем број предмети и постапки по судски платен налог.

– 2020 година биле вкупно примени 36 тужби со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 19 судски платни налози, немало поднесено приговори;

– 2021 година биле вкупно примени 36 тужби со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 21 судски платен налог, немало поднесено приговори;

– 2022 година биле вкупно примени 13 тужби со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 8 судски платни налози, немало поднесено приговори.

Основниот граѓански суд во Скопје имал исто така во работа поголем број предмети и постапки по судски платен налог.

– 2020 година биле вкупно примени 6 тужби со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 4 судски платни налози, бил поднесен 1 приговор и постапката продолжила како по редовна тужба.

– 2021 година биле вкупно примени 5 тужби со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 5 судски платни налози, немало поднесено приговори.

– 2022 година биле вкупно примени 18 тужби со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 5 судски платни налози, по 3 биле поднесени приговори и постапката продолжила како по редовна тужба. Во Основниот граѓански суд Скопје 8 – осум предмети во текот на 2022 година се вратени на нотар со образложение дека од страна на нотарот треба да се примени членот 15, став 2 од Законот за парничната постапка, а во врска со членот 81 од Законот за нотаријат, односно судот не бил надлежен да постапува, туку нотарот и истите се вратени на постапување на нотарот.

Основниот суд во Охрид имал во работа предмети и постапки по судски платен налог и тоа:

– 2021 година биле вкупно примени 5 тужби со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 5 судски платни налози, немало поднесено приговори;

– 2022 година биле вкупно примени 18 тужби со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 5 судски платни налози, по 3 биле поднесени приговори и постапката продолжила како по редовна тужба. Во Основниот граѓански суд Скопје 8 – осум предмети во текот на 2022 година се вратени на нотар со образложение дека од страна на нотарот треба да се примени членот 15, став 2 од Законот за парничната постапка, а во врска со членот 81 од Законот за нотаријат, односно судот не бил надлежен да постапува, туку нотарот, и предметите се вратени на постапување на нотарот.

– 2020 година била примена вкупно 1 тужба, со предлог за издавање судски платен налог, издаден бил 1 судски платен налог, бил поднесен 1 приговор.

– 2021 година била примена вкупно 1 тужба, со предлог за издавање судски платен налог, издаден бил 1 судски платен налог, немало поднесено приговори.

– 2022 година била примена вкупно 1 тужба, со предлог за издавање судски платен налог, издаден бил 1 судски платен налог, бил поднесен 1 приговор.

Основниот суд во Кавадарци имал во работа предмети и постапки по судски платен налог, само во текот на 2022 година, кога била примена вкупно 1 тужба со предлог за издавање судски платен налог, издаден бил 1 судски платен налог, нема поднесен приговор.

Основниот суд во Гевгелија имал во работа предмети и постапки по судски платен налог и тоа:

– 2020 година нема поднесено предлози за издавање судски платен налог;

– 2021 година биле вкупно примени 2 тужби со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 2 судски платни налога, немало поднесено приговори;

– 2022 година биле вкупно примени 4 тужби со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 4 судски платни налози, немало поднесено приговори.

Основниот суд во Делчево имал во работа предмети и постапки по судски платен налог:

– 2020 година биле вкупно примени 1 тужба со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 1 судски платен налог, немало поднесено приговори;

– 2021 година биле вкупно примени 1 тужба со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 1 судски платен налог, немало поднесено приговори;

– 2022 година нема поднесено предлози за издавање судски платен налог.

Основниот суд во Штип имал во работа предмети и постапки по судски платен налог:

– 2020 година била примена вкупно 1 тужба со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 1 судски платен налог, немало поднесено приговори;

– 2021 година нема поднесено предлози за издавање судски платен налог;

– 2022 година биле вкупно примени 6 тужби со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 6 судски платни налози, немало поднесено приговори.

Основниот суд во Битола имал во работа предмети и постапки по судски платен налог:

– 2020 година биле вкупно примени 2 тужби со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 2 судски платни налога, немало поднесено приговори;

– 2021 година биле вкупно примени 2 тужби со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 2 судски платни налога, немало поднесено приговори;

– 2022 година биле вкупно примени 1 тужба со предлог за издавање судски платен налог, издаден бил 1 судски платен налог, нема поднесено приговори.

Основниот суд во Велес имал во работа предмети и постапки по судски платен налог:

– 2020 година биле вкупно примени 4 тужби со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 4 судски платни налози и имало поднесено 2 приговори.

– 2021 година биле вкупно примени 1 тужба со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 1 судски платни налози, немало поднесено приговори.

– 2022 година немале во работа вакви предмети.

Основниот суд во Гостивар имал во работа предмети и постапки по судски платен налог.

– 2020 година биле вкупно примени 15 тужби со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 15 судски платни налози и имало поднесено 15 приговори.

– 2021 година биле вкупно примени 555 тужби со предлог за издавање судски платен налог, издадени биле 555 судски платни налози и биле поднесени 26 приговори.

– 2022 година немале во работа вакви предмети.

Од останатите основни судови на територијата на Република Северна Македонија, кои постапуваат по тужба со предлог за издавање на судски платен налог, и тоа основните судови Виница, Берово, Радовиш, Свети Николе, Крушево, Ресен, Дебар, Струга, Прилеп и Неготино се доставени информации дека немале вакви предмети во работа за периодот од 2020 година до 2022 година, што укажува дека судовите, со исклучок на Основниот суд Тетово, Основниот граѓански суд Скопје и Основниот суд Гостивар немале или имале многу мал број на предмети од ваков вид.

Табела 2: Постапување по тужба за издавање судски платен налог на основните судови за 2020, 2021, 2022 година

Основен суд	2020 година			2021 година			2022 година			Забеле-шка
	Поднесени предлози за судски платни налози	Издадени судски платни налози	Поднесени приговори	Поднесени предлози за судски платни налози	Издадени судски платни налози	Поднесени приговори	Поднесени предлози за судски платни налози	Издадени судски платни налози	Поднесени приговори	
Охрид	1	1	1	1	1	0	1	1	1	-
Кавадарци	0	0	0	0	0	0	1	1	0	
Тетово	36	19	0	36	21	0	13	8	0	
Скопје	6	4	1	5	5	0	18	5	3	8 -Вратени на нотар
Гевгелија	0	0	0	2	2	0	4	4	0	
Делчево	1	1	0	1	1	0	0	0	0	
Штип	1	1	0	0	0	0	6	6	0	
Битола	2	2	0	2	2	0	1	1	0	
Велес	4	4	2	1	1	0	0	0	0	Во 2 – укинати решенија заради повлекување предлогот
Гостивар	15	15	15	555	555	26	0	0	0	


Забелешка: Во Основниот граѓански суд Скопје, 8 (осум) предмети во текот на 2022 година се вратени на нотар, со образложение дека од страна на нотарот треба да се примени членот 15, став 2, од Законот за парничната постапка[84], а в.в со членот 81 од Законот за нотаријат.[85]

Во Основниот суд Велес во 2020 година, по донесувањето на решенијата за издавање судски платен налог во 2 (два) предмета, по предлог на тужителот донесени се решенија со кои тужбата со предлог за издавање судски платен налог против туженият се констатира за повлечена и решенијата за издавање нотарски платен налог се укинати во целост.

[84] Закон за парничната постапка (*Службен весник на РСМ*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10, 124/15, член 15, став 2) Кога судот во текот на постапката ќе утврди дека за решавање на спорот не е надлежен суд туку некој друг домашен орган, ќе се огласи за ненадлежен, ќе ги укине спроведените дејствија во постапката и ќе ја отфрли тужбата.

[85] Законот за нотаријатот (*Службен весник на РМ*, бр. 72/16, 233/18, чл. 81) Во постапката за издавање нотарски платен налог, во недостаток на одредби од овој закон и за изземање, соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка.

Графички приказ за постапување по тужба за издавање судски платен налог на основните судови за 2020, 2021, 2022 година



Извор: Сопствено истражување

6.2.2. Резултати од прибирањето податоци по пат на писмено известување од Основниот суд Кочани за постапување по приговор на нотарски платен налог

Во однос на податоците добиени од Основниот суд Кочани, како суд со проширена надлежност, кој постапува по приговорите на решенијата за издавање нотарски платен налог, издадени од нотарите надлежни за подрачјето на Основен суд Кочани е следното:

За 2020 година

Во 2020 година биле поднесени вкупно 113 приговори на решенија за издавање нотарски платен налог, од кои 26 пресуди се донесени со кои се усвојува приговорот, 7 пресуди се донесени со кои делумно се усвојува приговорот, додека со 53 пресуди е одбиен приговорот како неоснован и решенијата на нотарот останале во сила.

Во 17 предмети е донесено решение за повлекување на приговорот, а останатите предмети се судско порамнување – 5 предмети, вратени на нотари – 3 предмети или дадени на надлежност – 1 (еден) предмет. Останал нерешен 1 предмет.

За 2021 година

Во 2021 година биле поднесени вкупно 101 приговор на решенија за издавање нотарски платен налог, од кои се донесени 19 пресуди со кои се усвојува приговорот, 13 се пресуди со кои делумно се усвојува приговорот, додека со 26 пресуди е одбиен приговорот како неоснован и решенијата на нотарот останале во сила.

Во 24 предмети е донесено решение за повлекување на приговорот, а останатите предмети се судско порамнување 11 предмети и дадени на надлежност. Останал нерешен 1 предмет.

За 2022 година

Во 2022 година биле поднесени вкупно 134 приговори на решенија за издавање на нотарски платен налог, од кои 15 пресуди се донесени со кои се усвојува приговорот, 13 се донесени пресуди со кои делумно се усвојува приговорот, додека со 54 пресуди е одбиен приговорот како неоснован и решенијата на нотарот останале во сила.


Во 15 предмети е донесено решение за повлекување на приговорот, а останатите предмети се: судско порамнување – 6 предмети и дадени на надлежност – 27 предмети. Останале нерешени 2 предмета.

Во 2023 година, заклучно до 30.06.2023 година, има заведено 47 предмети.

Табела 3: Постапување по приговори на решение за издавање нотарски платен налог во Основен суд Кочани за 2020, 2021, 2022 година и заклучно со 30 јуни 2023 година

Приговори ПЛ1П / ПЛ1ТС	Пресуда со усвојување на приговорот	Пресуда за делумно усвојување на приговорот	Решението се отфрла	Пресуда - се одбива приговорот	Судско порамнување	Решение за повлекување на приговорот	На надлежност	Вратен на нотар	Нерешени	Вкупно примени приговори
2020	**26**	**7**	**1**	**52**	**5**	**17**	**3**	**1**	**1**	**113**
2021	**19**	**13**	**4**	**26**	**11**	**24**	**3**	**0**	**1**	**101**
2022	**15**	**13**	**1**	**54**	**6**	**15**	**27**	**1**	**2**	**134**
до 30.06. 2023	**2**	**1**	**0**	**2**	**2**	**2**	**1**	**1**	**36**	**47**

Графички приказ на постапување по приговори на решение за издавање нотарски платен налог во Основен суд Кочани за 2020, 2021, 2022 година, заклучно со 30 јуни 2023 година



Извор: Сопствено истражување

На основа на направената внимателна анализа на податоците за постапување на Основниот суд Кочани по приговорите на решенијата за издавање нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, може да се забележи дека, со одредени исклучоци во 2020, 2021, 2022 година, бројот на усвоени приговори е многу мал во однос на вкупно поднесените приговори, што укажува на тоа дека постапката пред нотарот била запазена, и е овозможено на судот ефикасно да се занимава само со оспорените платни налози.

Меѓутоа, ако се земе бројот на одбиени и повлечени приговори во однос на вкупниот број на примени приговори, кој е значителен, укажува на тоа дека сепак странките на некој начин сè уште го злоупотребуваат правото на приговор и во голем број е неосновано нивното поднесување, со што се одолговлекува и отежнува наплатата на побарувањето.

II. Платниот налог во европското законодавство

7. Правните извори на европското граѓанско процесно право

Платниот налог во европското законодавство за да се разгледа и детално да се разработи, потребно е да се наведат и сите правни извори на европското граѓанско процесно право кои имаат директно или индиректно влијание врз теоретската и практична примена на платниот налог. Со самото тоа што овие правни извори на граѓанското процесно право на Европската Унија се наведени на едно место е и со цел, да се оствари намерата подлабоко да се презентира темата на платниот налог како институт на процесното право на правото на ЕУ, а тоа се:[86]

– Регулатива на Советот (ЕЗ) бр. 44/2001 од 22 декември 2000 година за надлежност, признавање и извршување судски одлуки во граѓански и трговски работи (Регулатива Брисел I);

– Регулатива на Советот (ЕЗ) бр. 2201/2003 од 27 ноември 2003 година за надлежност, признавање и извршување судски одлуки во брачни спорови и во случаи поврзани со родителска грижа, со кој се укинува Регулативата (ЕЗ) бр. 1347/2000 (Регулатива Брисел IIа);

– Регулатива на Советот (ЕЗ) бр. 1206/2001 за соработка меѓу судовите на земјите членки при прибавување докази во граѓански или трговски предмети;

– Регулатива (ЕЗ) бр. 1393/2007 на Европскиот парламент и Советот, од 13 ноември 2007 година, при доставување, во земјите членки, на судски и вонсудски документи за граѓански или трговски прашања;

– Регулатива на Европскиот парламент и Советот (ЕЗ) бр. 805/2004 од 21 април 2004 година за воведување европски налог за извршување за неспорни побарувања;

– Регулатива (ЕЗ) бр. 1896/2006 на Европскиот парламент и Советот, од 12 декември 2006 година, за воведување на процедурата за европски платен налог;

[86] Dostava izvan Republike Hrvatske, Đuro Sessa, Vrhovni sud Republike Hrvatske, Dragan Katić, Vrhovni sud Republike Hrvatske, Zagreb, travanj 2017, str. 6

– Регулатива (ЕЗ) бр. 861/2007 на Европскиот парламент и на Советот од 11 јули 2007 година за воведување европска постапка во спорови од мала вредност.

Во поширока смисла на европското граѓанско процесно право (барем делумно) како други извори се сметаат:

– Повелба за основните права на Европската Унија;

– Регулатива на Советот (ЕЗ) бр. 1346/2000 од 29 мај 2000 година за несолвентната постапка;

– Регулатива (ЕУ) на Европскиот парламент и Советот бр. 650/2012, од 4 јули 2012 година, за надлежност, важечко право, признавање и извршување на одлуките и прифаќање и извршување на јавни исправи по прашања за наследување и за воспоставување на европско наследство;

– Директива бр. 2002/8/ЕЗ за подобрување на пристапот до правдата во прекуграничните спорови преку воспоставување минимум заеднички правила за бесплатна правна помош во такви спорови;

– Регулатива на Советот (ЕЗ) бр. 4/2009 од 18 декември 2008 година, за надлежност, важечки закон, признавање и извршување судски одлуки и соработка во прашањата за одржување;

– Директива 2008/52/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот, од 21 мај 2008 година, за одредени аспекти на помирувањето во граѓански и трговски прашања.

7.1. Поим на европски платен налог

Создаден со донесување на Регулативата на Европскиот парламент и Европскиот совет ЕЗ бр. 1896/2006[87]во европското законодавство, европскиот платен налог е правен институт на граѓанското процесно право на Европската Унија. Отстранување на постапката за егзекватура како меѓу постапка, помеѓу когнициската постапка за донесување на пресудата, и постапката за извршување – е целта на донесување на европскиот платниот налог.

Како причини за неопходната потреба за воведувањето на европскиот платен налог беа проблемите во прекуграничното извршување на одлуките и неопходноста за правилно функционирање на единствениот европски пазар.

Регулативата 1896/2006 е донесена со единствена цел и амбиција да се воспостави единствена комунитарна постапка која е брза, поедноставена и економична постапка од сите држави членки на Европската Унија за создавање на европскиот платен налог.

Постапката за европскиот платен налог е осмислена првично како алтернативна постапка наспроти националните парнични постапки за издавање платен налог, кој понатаму поради своите поволности треба да ги хармонизира националните постапки за издавање платен налог на ниво на Заедницата. На овој начин треба да се постигне намалување на трошоците на националните парнични постапки за издавање на платен налог и да се постигне меѓусебната доверба во правосудните системи на државите членки.

Регулатива бр. 1896/2006 пропишува дека сите процедурални прашања кои не можат да бидат конкретно дефинирани, се регулирани со националното право.

---

[87] Регулативата 1896/2006 е донесена на 12 декември 2006 година, за воведување на постапката за издавање европски платен налог, *Службен лист на Европската Унија*, 2006, бр. L399/1
Со 936/2012 од 04.10.2012 година има изменување и дополнување на Анексот на Уредбата бр. 1896/2006 (во натамошниот текст Регулатива 936/2012). Регулатива бр. 936/2012 е променета само содржината на прилозите, односно обрасците А до Г. Регулатива бр. 1896/2006 предвидува седум стандардни обрасци означени со Анекс I., II., III., IV., V., VI., VII. или образец A, B, C, D, E, F и G. Овие прилози или обрасци беа последователно изменети со Регулативата бр. 936/2012.
На 14.07.2017 година, врз основа на Правилникот бр. 2015/2421 на Европскиот парламент и Советот од 16 декември 2015 година, за изменување и дополнување на Регулативата бр. 861/2007 и Регулатива бр. 1896/2006 година. (во натамошниот текст Регулатива бр. 2015/2421) и Одлуката на Европскиот парламент за неприговор на делегираната регулатива на Комисијата од 19 јуни 2017 година за замена на Анекс I на Регулативата бр. 1896/2006 година се применува конечно изменетиот Анекс I, односно формуларот за барање за ЕПН А, со оглед на тоа што измените од 2017 година му овозможија на доверителот или на тужителот да изберат дали сака да ја продолжи постапката, согласно правилата на европската постапка за мали побарувања, доколку должникот или туженият поднесат приговор на платниот налог.

7.2. Причини за воведување на европскиот платен налог како инструмент во комунитарното право

Како постамстердамски инструмент во граѓанското процесно право на Европската Унија, заедно со европскиот извршен наслов за неспорни побарувања и европскиот налог за плаќање кај постапките во врска со спорови од мала вредност се воведува и европскиот платен налог [88].

Причината за воведување на овој инструмент е зајакнување на принципот на признавање и извршување на одлуките на Европската Унија меѓу државите членки, како и реализирање на принципот на меѓусебната доверба во европските правосудни системи. Донесувањето на европскиот платен налог е во согласност со членот 61 од Договорот за основање на Европската заедница, Самитот од Темпре (Финска) од октомври 1999 година[89], Зелената книга за европски платен налог од 2002 година и Хашката програма од 2004 година.

Донесувањето на Регулативата 1896/2006 е всушност и еден од прописите кои се донесени за реализација на обврската на Европската заедница да работи и се залага за создавање на подрачјето на правда, слобода и безбедност, согласно членот 61 од Договорот за основање на Европската заедница.[90] Покрај тоа основот на донесување на Регулативата 1896/2006 е и чл. 65 (Ц) од Договорот за основање на Европската заедница, според која во граѓанските постапки со прекугранични карактер правосудната соработка ги опфаќа мерките чија цел е да се укинат сите препреки за добро функционирање на граѓанските постапки, така што ќе се промовира усогласување на овие правила во сила во државите членки.[91]

Забрзување и поедноставување на граѓанските и трговските спорови со странски елементи, кои гласат на парични побарувања, преку слободно движење на одлуките во заедницата без непотребни формалности е целта на донесувањето на Европски платен налог. На тој начин се намалува задоцнетото наплатување на побарувањата на доверителите, кои задоцнувања водат кон неликвидност на претпријатијата во Заедницата, а со самото тоа доведуваат до негативни економски и социјални последици како затворање на работните места, а потенцијално и доведување

[88] Екарт Андреј Европски – Извршен наслов, Марибор 10.06.2010 година
[89] Објаснувања од Предлог-регулативата кои ги поднела Комисијата (Proposal for a Regulation of the European Parliament and of the Council creating a European order for paument procedure, COM(2004) 173 Final 1/3) стр. 2
[90] Договор за основање на Европската заедница, чл. 61
[91] Mr Petar Dundić, Postupak za izdavanje europskog platnog naloga, str. 752

под прашање на опстанокот на претпријатијата. Заради тоа поедноставената постапка за наплата на побарувањата доведува до поедноставување на парничењата на национално ниво и слободно движење на европските платни налози во Европската Унија.Причините се, всушност, содржани во преамбулата на Регулативата 1896/2006 .[92]

[92] Заедницата си поставила за цел да ги одржува и развива областите на слободата, безбедноста и правдата во кои се обезбедува слободно движење на луѓето. За постепено формирање на ваква област, Унијата, меѓу другото, има за задача да преземе мерки во делот на судската соработка во граѓански прашања со прекугранично значење, кои се неопходни за правилно функционирање на внатрешниот пазар. Во согласност со член 65, точка в од Договорот (се мисли на договорот за основање на Европската заедница), мерките за кои станува збор ги вклучуваат оние мерки кои ги отстрануваат пречките за правилно функционирање на граѓанските постапки, доколку е потребно промовирајќи го усогласувањето на правилата за парнична постапка што се применуваат во земјите членки. Европскиот совет, на состанокот во Тампере на 15 и 16 октомври 1999 година, ги поканил Советот и Комисијата да подготват ново законодавство за прашања неопходни за непречена судска соработка и подобрување на пристапот до правна заштита, со посебен акцент, во овој контекст, на плаќањето нарачки.

На 30 ноември 2000 година, Советот усвоил заедничка програма на мерки на Комисијата и Советот за спроведување на принципот на заемно признавање на одлуките во граѓански и трговски предмети (3). Програмата предвидува можност да се определи специфична, единствена или координирана постапка во Заедницата за донесување судски одлуки во одредени области, вклучително и онаа за неспорни барања. Ова било засилено со Хашката програма, која е усвоена од Европскиот совет на 5 ноември 2004 година, во која се повикува на активно продолжување на работата во однос на европскиот платен налог. На 20 декември 2002 година, Комисијата усвоила Зелена книга за постапката за европскиот платен налог и мерките за поедноставување и забрзување на споровите за мали побарувања. Зелената книга отвори консултации за можните цели и карактеристики на единствена или усогласена европска постапка за наплата на неспорни побарувања.

Брзата и ефикасна наплата на неподмирените долгови кои не се предмет на судски спорови е од клучно значење за стопанските субјекти во Европската Унија, бидејќи задоцнетите плаќања се главната причина за неликвидност што го загрозува опстанокот на компаниите, особено на малите и средните претпријатија, а резултира со губење на многу работни места.

Сите земји членки се обидуваат да го решат проблемот со масовната наплата на неспорните побарувања, во повеќето земји преку поедноставена постапка за наплата на платни налози, но содржината на националното право и ефективноста на внатрешните процедури значително се разликуваат. Понатаму, постоечките процедури во прекуграничните случаи често се неприфатливи или неспроведливи.

Резултатот е пречки кои го спречуваат пристапот до ефективна правна заштита во прекуграничните случаи и ја нарушуваат конкуренцијата на внатрешниот пазар поради неурамнотеженото функционирање на процедуралните средства достапни за доверителите во различни земји членки и бараат законодавството на Заедницата да гарантира еднакви услови за доверителите и должниците низ цела Европска Унија.

Целта на оваа регулатива е да ги поедностави, забрза и да ги намали трошоците за судски спор во прекугранични случаи поврзани со неспорни парични побарувања преку воведување на постапката на европскиот платен налог во сите земји членки преку утврдување на минималните стандарди, чие почитување ги прави непотребни какви било посредни постапки во земјите членки на извршување пред признавањето и извршувањето.

Постапката утврдена со оваа Регулатива треба да послужи како дополнителна и изборна алатка за обвинителот, кој може слободно да ја поведе постапката предвидена со националното законодавство. Според тоа, оваа Регулатива не ги заменува или усогласува постоечките механизми за наплата на неспорни побарувања во согласност со националното законодавство, утврдени во членот 22, ставови 1 и 2 и членот 23, процедурите за извршување на европскиот платен налог треба да продолжат да се регулираат со националното законодавство.

Регулативата (ЕЕЗ, Евроатом) бр. 1182/71 на Советот од 3 јуни 1971 година за воспоставување правила во однос на роковите, датумите и истекувањето на роковите (4). За ова треба да се извести тужениот дека се земаат предвид неработните денови на земјата членка каде се наоѓа судот што го издава европскиот платен налог.

7.3. Подрачје на примена на Регулативата 1896/2006

Своето објективно материјално важење, Регулативата 1896/2006 не го определува според *lex nationalis*, во зависност од предметот на спорот *in concreto* и суштината на односот меѓу странките, туку го определува автономно.

Подрачјето на примена на оваа Регулатива е речиси идентично со приватно-правното подрачје на примена на преостанатите европски постапки за издавање извршни наслови, со таа разлика што овде побарувањето тежнее кон договорна природа. Оваа Регулатива се применува само на граѓански и трговски спорови со прекугранични импликации. Притоа, низ практиката на Европскиот суд за правдата се обликува, концептот граѓански и трговски работи, односно како независен поим од националното право на државите членки.

Согласно Регулативата 1896/2006 со која се воведува постапката за издавање европски платен налог, за да се поведе постапката за издавање европскиот платен налог, потребно е да постојат претпоставки, односно услови кои треба да бидат исполнети:[93]

А) стварно подрачје на примена (*ratione materiae*)

Од примената на оваа Регулатива 1896/2006[94] се исклучени даночните, царинските, управните работи и работи поврзани со *acta iure imperii*, имотни права што произлегуваат од брачните односи, тестаменти и наследување, ликвидациски, стечајни,

---

Со оглед на тоа што целта на оваа регулатива, особено воспоставувањето на еднообразно брз и ефикасен механизам за наплата на неспорни парични побарувања низ Европската Унија, земјите членки не можат да ја постигнат во доволна мера, од што произлегува дека, имајќи го предвид обемот и опсегот и ефектите од оваа регулатива, таа може поуспешно да се постигне на ниво на Заедницата; Заедницата може да донесе мерки во согласност со принципот на супсидијарност од членот 5 од Договорот за основање на Европската заедница. Во согласност со принципот на пропорционалност пропишан со истиот член, оваа Регулатива не опфаќа повеќе отколку што е потребно за постигнување на оваа цел.
„Мерките неопходни за спроведување на оваа Регулатива треба да се донесат во согласност со Одлуката 1999/468/ЕЗ на Советот од 28 јуни 1999 година со која се утврдуваат процедурите за извршување на овластувањата за спроведување доделени на Комисијата (5).
Обединетото Кралство и Ирска, во согласност со членот 3 од Протоколот за позицијата на Обединетото Кралство и Ирска, анексиран на Договорот за Европската Унија и на Договорот за основање на Европската заедница, ја известија својата желба да учествуваат во усвојувањето и примената на оваа Регулатива.
Во согласност со членовите 1 и 2 од Протоколот за позицијата на Данска, анексиран на Договорот за Европската Унија и на Договорот за основање на Европската заедница, Данска не учествува во усвојувањето на оваа Регулатива, која не е обврзувачка за неа и не е предмет на неговата примена.“

[93] Procesno pravni aspekti prava EU, Pravni fakultet Sveučilišta Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku, Paula Poretti, str. 114

[94] Регулативата 1896/2006 од 12 декември 2006 година на Европскиот парламент и Советот, член 2

постапки, социјална сигурност и побарувањата што произлегуваат од вондоговорни обврски, освен ако овие побарувања биле предмет на договор меѓу странките или се случило признавање на долг или се однесуваат на ликвидни договори што произлегуваат од заедничка сопственост на имот.

б) просторно или територијално подрачје на примена (*ratione territorie*)

Територијално оваа Регулатива 1896/2006 важи во сите држави членки на Европската Унија со исклучок на Данска, која не учествуваше при нејзиното усвојување и за неа не се применува и не е обврзувачка. По Брегзит[95] и со исклучок на Велика Британија. Прекуграничен спор, во смисла на Регулативата 1896/2006 е наведен во чл. 3 ст. 1, односно тоа е оној спор во кој барем една од странките има свое престојувалиште или редовно живеалиште во друга држава членка, различна од онаа во која се наоѓа судот пред кој се води постапката.

в) временско подрачје на примена (*ratione temporis*)

Временски, Регулативата која го создаде европскиот платен налог има дејство на важење *ex nunc,* односно се применува од 12 декември 2008 година. Исклучок се одредбите од членовите 28, 29, 30 и 31 кои започнаа да се применуваат од 12 јуни 2008 година. Овие одредби се исклучок поради одредените технички аспекти за примена на постапката за европскиот платен налог, соработка на државите членки како во пошироката јавност и стручните кругови да се достават информациите правилно околу трошоците за достава на документите и органите кои ќе бидат надлежни за извршување.[96] Опфатени се обврските на државите членки во предвидените рокови да ја известат Европската комисија за судовите кои се надлежни за издавање на европскиот платен налог, постапката на преиспитување, прифатените јазици кои ќе се користат, прифатените средства на комуникација,[97] потоа измените на стандардните обрасци, како и основањето на Одбор кој ќе помага на Европската комисија.

[95] Тоа е кратенка која се употребува за излегувањето на Обединетото Кралство од Европската Унија со спојување на зборовите Britanija и exit (излез) и се добива зборот Brexit. Велика Британија излезе од правилата за трговија на ЕУ на 31 декември 2020 година и официјално ја напушти европската заедница во која беше 47 години. Меѓутоа постапките кои беа отворени и започнати во областа на граѓанското право пред истекот на преодниот период ќе продолжат да се решаваат на темелите на правото на ЕУ, сè до крајот на 2024 година.

[96] Регулативата 1896/2006 од 12 декември 2006 година на Европскиот парламент и Советот, член 28

[97] Регулативата 1896/2006 од 12 декември 2006 година на Европскиот парламент и Советот, член 29

г) персонално подрачје на примена (*ratione personae*)

Персонално, Регулативата 1896/2006 важи без оглед на државјанството или живеалиштето на странките што може да бидат физички или правни лица. Важењето на Регулативата 1896/2006 во контекст на вредноста на предметот на спорот или постапката, не е ограничено, се применува за парични побарувања на странките на специфичен износ на доспеаните побарувања во време кога се поднесува барањето за издавање европски платен налог.[98]

7.4. Постапка за издавање европски платен налог

По дефиниција, европскиот платен налог е налог издаден од суд или надлежен орган на земја членка, со кој се бара плаќањето на неспорно парично побарување да се признае и да се спроведе во која било земја членка. Европскиот платен налог како правен инструмент е воспоставен со европското законодавство, за да се олесни прекуграничната наплата на долгот во рамките на Европската Унија (ЕУ).

Постапката за европскиот платен налог ја рационализира наплатата на неспорните парични побарувања низ земјите членки на Европската Унија. Регулативата (ЕЗ) бр. 1896/2006, вообичаено наречена Регулатива за европски налог за плаќање, првенствено ја уредува постапката за добивање европски налог за плаќање. Со Регулативата за европски платен налог се воспоставува поедноставен и стандардизиран процес за наплата на неспорни долгови во прекугранични случаи во рамките на Европската Унија.

Може да се каже дека главните карактеристики на постапката за европски налог за плаќање, кои ги предвидува Регулативата за европски платен налог бр. 1896/2006 се:

Стандардизиран формулар: доверителите можат да користат стандардизиран формулар за аплицирање за издавање европски платен налог, кој е достапен на сите јазици на Европската Унија. Регулативата за европски платен налог го опишува процесот како доверителите да поднесуваат барања за европски налог за плаќање. Ги специфицира информациите и документите што мора да бидат вклучени во апликацијата.

[98] Procesno pravni aspekti prava EU, Pravni fakultet Sveučilišta Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku, Paula Poretti, str. 116

Неспорни побарувања: Европскиот платен налог може да се издаде само за неспорни побарувања, што значи дека должникот не го оспорува долгот.

Подобност: Регулативата го дефинира опсегот на неспорните побарувања во граѓански и трговски прашања кои се подобни за постапката за европски платен налог. Ги поставува критериумите за тоа кога побарувањето се смета за неоспорно.

Прекугранична: Европскиот платен налог е наменет за употреба од доверителот и должникот, иако тие се наоѓаат во различни земји членки на Европската Унија.

Поедноставена постапка: Нуди поедноставена постапка за добивање платен налог, намалувајќи ја потребата од сложени и скапи судски спорови во различни јурисдикции. Во Регулативата за издавање европски платен налог се опишува процесот како доверителите да поднесуваат барања за европски налог за плаќање. Ги специфицира информациите и документите што мора да бидат вклучени во апликацијата.

Автоматско препознавање: Откако ќе се издаде европскиот платен налог, тој автоматски се препознава и се спроведува низ земјите членки на ЕУ без дополнителни формалности.

Ограничени основи за противење: Должниците имаат можност да се спротивстават на европскиот платен налог со поднесување приговор, но основите за противење се ограничени. Регулативата ја одредува временската рамка во која должникот може да поднесе приговор против издадениот европскиот платен налог, откако ќе му биде доставен.

Доколку должникот не се спротивстави на налогот во овој рок, тој станува извршен.

Јазик и превод: Доколку е потребно, европскиот платен налог можеби ќе треба да се преведе на јазикот на земјата членка на должникот. Регулативата наложува дека европскиот платен налог и сродните документи мора да се издаваат на јазик што го разбира должникот и предвидува барања за превод, кога е потребно.

Забрзана постапка: Регулативата предвидува рационализирана и забрзана постапка за издавање европски налог за плаќање, за која често не е потребно судско сослушување.

Доставување на налогот: Воспоставува правила за доставување на европскиот

платен налог на должникот, осигурувајќи дека должникот е информиран за нивните права и можноста да се спротивстави на налогот.

Извршување: Го дефинира процесот за извршување на европскиот платен налог во која било земја членка на ЕУ, каде што се наоѓаат средствата на должникот, дозволувајќи му на доверителот да преземе акција за враќање на долгот.

Трошоци и такси: Регулативата за европски платен налог вклучува одредби во врска со трошоците на постапката и таксите што ги наплаќаат судовите. Таа има за цел да ги задржи релативно ниски трошоците поврзани со европскиот платен налог.

Регулативата 1896/2006 е воспоставена за да се создаде поефикасен и стандардизиран систем за наплата на неспорни прекугранични долгови во рамките на ЕУ. Таа има за цел да им обезбеди на доверителите поедноставен и поисплатлив метод за наплата на долговите што им ги должат должниците во различни земји членки на ЕУ. Постапката за европски платен налог промовира конзистентност и правна сигурност во прашањата за наплата на долгот низ ЕУ.

Постапката за издавање европски платен налог е осмислена како алтернативна постапка на националните парнични постапки за издавање платен налог. Основна цел на воспоставувањето на оваа постапка е побрза наплата на паричните побарувања, кои гласат на специфичен износ, кој е доспеан во време на поднесување на барањето за издавање европски платен налог.

Услов да се користи оваа алтернативна комунитарна постапка, освен неспорноста, паричноста и пристигнатоста на побарувањето е и прекуграничниот факт односно мора да станува збор за граѓански или трговски предмет кој има прекугранични импликации.

Постапката за издавање европски платен налог е доста автоматизирана, таа се заснова на користење стандардни обрасци, а во поглед на иницирањето, застапен е исклучиво диспозитивниот принцип, односно – по барање на странка.[99]

Пропишана е употреба на (седум) стандардни обрасци, што го олеснува работењето за сите, и на странките и на судовите.

Видови стандардизирани обрасци се:

[99] Europski platni nalog – naplata dospjelih novčanih potraživanja od stranih pravnih i fizičkih osoba, Jadranka Nizic Peros, Oeconomica Jadertina 1/2022, str. 76

1. Пријава за европски платен налог – Образец А

2. Барање до барателот да ја пополни или коригира апликацијата за европски платен налог – Образец В

3. Предлог на барателот за измена на пријавата за европски платен налог – Образец С

4. Решение за одбивање на европски платен налог, апликација – Образец D

5. Европски платен налог – Образец Е

6. Приговор против европски платен налог – Образец F

7. Уверение за извршност – Образец G

Сите обрасци се достапни на јазиците на земјите членки, така што тоа може во голема мера да го олесни и нивно исполнување. Се препорачува барањето секогаш да се генерира и испраќа на јазикот на тужениот. Во членот 7, ст. 5 од Регулативата 1896/2006 е пропишано барањето за издавање на европски платен налог да се поднесува во хартиена форма или преку кое било друго средство за комуникација, вклучително и електронско, прифатено од земјата членка на потекло и достапно до судот на потекло. Со тоа е оставено доволен простор, земјите членки да си ја приспособат праксата околу начинот на поднесување на барањето за издавање на европски платен налог во националните постапки.

Во земјите членки, сепак е посоодветно странските доверители да поднесат електронски предлог за извршување, врз основа на веродостојна исправа. Поради потребата од ажурирање на стандардните обрасци, а со цел да се подобри практичната примена на Регулативата и да се олесни електронската постапка во рамките на Европскиот судски атлас за граѓански прашања, стандардните обрасци беа изменети со Регулатива бр. 936/2012. Измените на обрасците, покрај ажурирањето, вклучуваат и референци за Бугарија и Романија[100], ги ажурираат валутите и го поедноставуваат пополнувањето на формуларите за тужителите и обвинетите и судовите.

[100] Бугарија и Романија на 1 јануари 2007 година и официјално станаа членки на ЕУ, откако беше завршен петтиот круг на проширување на Унијата, иако преговорите за членство во ЕУ ги отпочнаа во 2000 година, поради неподготвеност во областа на политиката и судството ја пропуштија можноста да влезат во ЕУ во мај 2004 година, со останатите 10 земји членки.

Постапката за издавање европски платен налог секогаш започнува со барање на тужителот, кој има интерес да добие европски платен налог и никогаш нема иницирање на постапката по службена должност, односно суд на некоја држава членка не може да ја иницира. Пример: Доверител има деловно побарување од должник во странство – во една од земјите членки на ЕУ. Со поднесување европски платен налог тој ќе може да добие од должникот: или плаќање, или утврдување на законитоста на европскиот платен налог во форма на европски извршен наслов, врз основа на кој може да се предложи извршување. Само во случај на приговор на должникот, постапката ќе продолжи пред граѓанскиот суд.

7.5. Иницирање на постапката за издавање европски платен налог и содржина на барањето за издавање европски платен налог

Постапката за издавање европски платен налог ја иницира тужителот. Ова тужителот го прави со поднесување барање за издавање европски платен налог, кое го поднесува до надлежниот суд. Барањето за издавање европски платен налог се поднесува во стандарден образец (образец А или Анекс I) кој се најде во прилог на Регулативата бр. 936/2012, која е усогласена со Регулативата бр. 2015/2421.

Барањето може да се преземе на интернетската страница на порталот e-Justice, https://e-justice.europa.eu на јазикот на која било земја членка на ЕУ. Барањето, задолжително мора да ги содржи следниве податоци: податоци на имињата и адресите на странките и нивните застапници доколку ги имаат и податоци за судот пред кој се поднесува барањето, износ на побарувањето односно податоци за главнината, а по потреба и каматите, договорните казни и трошоците, ако во барањето се бара и камата и каматната стапка и временскиот период за кој се бара каматата, темелот или основот на барањето заедно со опис на околностите на кои се бара основот на барањето, опис на доказите како предлог на побарувањето, доказ за прекуграничниот карактер на предметот и однос за надлежноста на судот каде што важат правилата на Регулативата 44/2001[101].

[101] Регулативата 44/2001 од 22 декември 2000 година за судска надлежност, признавање и извршување на одлуките во граѓански и трговски предмети (во натамошниот текст Регулатива бр. 44/2001), која последен пат беше изменета со Регулативата бр. 2245/2004 и Регулатива Brussels I. – бр. 1215/2012 на Европскиот парламент и Советот од 12 декември 2012 година за јурисдикција, признавање и

Барањето за издавање европски платен налог се поднесува на стандардизиран образец (образец А или Анекс I), кој се најде во прилог на Регулативата бр. 936/2012[102], која е усогласена со Регулативата бр. 2015/2421[103] година.

Барањето се пополнува на јазикот на земјата членка на ЕУ, на која се поднесува барањето со одредени исклучоци на земјите членки, кои овозможуваат поднесување барања за издавање европски платен налог на неколку различни јазици. Затоа, еден од предлозите на Резолуцијата на Европскиот парламент од 1 декември 2016 година е на имплементација на постапката за издавање европски платен налог (во понатамошниот текст Резолуцијата) што Франција, Чешка, Естонија, Кипар и Шведска предлагаат да му се овозможи на апликантот да поднесе барања за издавање европски платен налог и на други јазици на земјите членки на ЕУ (освен на официјалниот јазик на земјата членка на која е поднесено барањето) и дека е потребно да се преземат сите мерки за поддршка со цел да се сведе на најмала можна мерка можноста за грешки и осуетување на побарувањето, поради употреба на странски јазик.

Пред поднесување на барањето потребно е да се утврди во која земја членка кој суд е надлежен за издавање европски платен налог, што е најлесно да се провери на интернет-порталот https://e-justice.europa.eu кој содржи посебен дел каде што може исклучително брзо и лесно да се најде судот надлежен за европски постапки и тоа во делот насловен *Пронаоѓање надлежни судови/органи*, додека барањето мора да се поднесе до судот надлежен според одредбите од Регулативата бр. 1215/2012[104].

Под поимот „земја членка на потекло“, Регулативата бр. 1896/2006[105] значи земјата каде што е издаден европски платен налог, додека поимот „држава членка на извршување“ ја означува државата во која ќе се бара извршувањето на европскиот платен налог.

извршување на судски одлуки за граѓански и трговски работи (во натамошниот текст Регулатива бр. 1215/2012)

[102] Uredba Komisije (EU) br. 936/2012 od 4. listopada 2012. o izmjeni priloga Uredbi (EZ) br. 1896/2006 Europskog parlamenta i Vijeća o uvođenju postupka za europski platni nalog

[103] Uredba (EU) 2015/2421 Eurospskog parlamenta I vjeća od 16. prosinca 2015, o izmjeni Uredbe (EZ) br. 861/2007 o uvođenju europskog postupka za sporove male vrijednosti i Uredbe (EZ) br. 1896/2006 o uvođenju postupka za europski platni nalog

[104] Uredba (EU) br. 1215/2012 Europskog parlamenta I vjeća od 12. prosinca 2012. o nadležnosti, priznavanju i izvršenju sudskih odluka u građanskim i trgovačkim stvarima

[105] Uredba1896/2006 - „država članica porijekla“ znači država članica u kojoj je izdan europski platni nalog, član 5

Во барањето за издавање европски платен налог, тужителот дава изјава со која потврдува дека ги дал сите информации според совесност и според неговите знаења, како и прифаќање примена на каква било санкција за намерно погрешно наведени информации, според законот на земјата членка на потекло. Тужителот може, веднаш при поднесување барање за издавање европски платен налог или до неговото издавање, да се изјасни дека доколку туженият поднесе жалба, тој одбива да продолжи со редовната постапка. Барањето за издавање европски платен налог се поднесува во хартиена форма, а Регулатива бр. 1896/2006 предвидува и примена на електронска комуникација ако овој вид комуникација е признат од земјата членка на потекло и ако со нив располага судот на потекло.

Барањето за издавање на европскиот платен налог се поднесува до надлежниот орган во земјата членка на потекло, а тоа е државата членка во која може да се издаде европскиот платниот налог.

Со барањето за издавање европски платен налог, истовремено, тужителот може да поднесе и известување дека доколку туженият приговори на европскиот платен налог, да се запре постапката, односно таа да не продолжи според националните прописи на државата членка за издавање платен налог.

7.5. Постапување на судот по приемот на барањето за издавање европски платен налог и издавање европски платен налог

Откако тужителот ќе го поднесе барањето за издавање европски платен налог, судот, барањето за издавање на европски платен налог го испитува во една автоматизирана постапка. Судот до кој е поднесена пријавата за европскиот платен налог, ја разгледува во најкраток можен рок и врз основа од образецот на барањето, проверува дали се исполнети условите од членовите 2, 3, 4, 6 и 7 од Регулативата 1896/2006 и дали барањето може да се воспостави.

Овој преглед може да се спроведе во форма на автоматизирана процедура. Судот го разгледува доставениот баран платен налог врз основа на информацијата наведена во образецот на барањето. Барателот е должен да приложи докази што го поткрепуваат барањето, врз основа на кои судот ќе може да ги испита и надлежноста и основаноста на тужбеното барање. Во таа фаза од постапката за издавање европски

платен налог, судот со тужителот комуницира преку обрасците B и C. Тужителот е должен да достави до судот докази, на пример, договорот од кој произлегува побарувањето.

Судот може да му овозможи на барателот да го исправи или дополни барањето за издавање европски платен налог. Исклучоците се дадени во чл. 7 од Регулативата 1896/2006, кои се всушност претпоставките за задолжителни елементи на барањето и тие ако не се исполнети барањето е неприфатливо, а побарувањето е очигледно неосновано. Судот за барањето за дополнување или за негова исправка, комуницира преку образецот B кој е утврден во Прилогот II од Регулативата 1896/2006.

Комуникацијата на судот со барателот, преку Образецот C, кој е утврден во Прилогот II, се користи откако судот ќе оцени дека само еден дел од барањето за издавање европски платен налог е основан, односно е делумно основан. На ваков начин е оставена можност да избере барателот, дали да го одбие или да го прифати предлогот за европски платен налог во износот кој судот го одредил. Во рокот што го утврдил судот, тужителот со Образецот C врши известување на судот дали го прифаќа или одбива предлогот. За делот кој тужителот го прифаќа предлогот на судот, судот само за тој дел ќе го издаде европскиот платен налог.[106] Се применуваат одредбите на националното право, за преостанатиот дел од побарувањето кое тужителот го побарал. Ако во рокот кој го определил судот, тужителот не се изјаснил или го одбил судскиот предлог за дел на основаност на барањето, во тој случај следува одбивање на барањето за издавање европски платен налог.[107]

Под претпоставка дека се исполнети условите од чл. 8[108], очекуваниот рок за издавање на европскиот платниот налог е 30 дена (согласно чл. 12, став 1 од Регулативата). Со ова е видлива интенцијата за забрзаност на постапката, кое редовно подразбира рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето. Во ова време не се засметува времето оставено за исправка или изменување од страна на тужителот. Платниот налог се издава на образецот E, кој е утврден во Прилогот V од Регулативата 1896/2006.

[106] Регулативата 1896/2006 од 12 декември 2006 година на Европскиот парламент и Советот, член 12
[107] Регулативата 1896/2006 од 12 декември 2006 година на Европскиот парламент и Советот, член 10
[108] Регулативата 1896/2006 од 12 декември 2006 година на Европскиот парламент и Советот, член 8

Во ситуација ако судот утврди дека барањето за издавање платен налог е основано, дозволено, и дека ги задоволува сите предвидени услови, ќе го издаде европскиот платен налог. Европскиот платен налог го издава во најкраток рок, а најдоцна 30 дена од приемот на барањето за издавање на европскиот платен налог на тужителот. Европскиот платен налог, кој ќе биде издаден од страна на судот задолжително мора да содржи поука за можноста на туженият да го плати полниот износ на тужителот на кој гласи платниот налог или да го оспори налогот така што во судот на потеклото, ќе поднесе приговор на одлуката во рок од 30 дена.

Судот ќе го одбие барањето за издавање европски платен налог и кога:[109]

Не се исполнети условите што се однесуваат на паричноста, неспорноста и пристигнатоста на барањето;

Барањето не се однесува на граѓански и трговски работи и

Не се исполнети условите за судска надлежност,

Не се исполнети условите за прекуграничен карактер или кога побарувањето е очигледно неосновано.

Незадоволната странка, односно туженият има право на приговор. Во приговорот туженият мора да наведе дека го оспорува побарувањето, но не мора да ги образложи причините за тоа.

Ако туженият поднесе ваков приговор постапката продолжува пред надлежниот суд на државата членка на потеклото во согласност со правилата на националната парнична постапка за издавање платен налог освен доколку уште во барањето за издавање европски платен налог тужителот не се оградил од оваа можност.

7.7. Достава на европски платен налог на туженият

Во ситуација доколку судот издал европски платен налог затоа што биле исполнети условите за издавање на платниот налог, судот му го доставува на туженият. Бидејќи правилата за достава во националните права на државите членки во голема мера се разликуваат со Регулативата 1896/2006 се предвидени минимални стандарди за да се усогласат стандардите на достава на писмената. Доставата на европски платен

[109] Регулативата 1896/2006 од 12 декември 2006 година на Европскиот парламент и Советот, член 11

налог според Регулативата 1896/2006 кои се во склад на националното граѓанско процесно право на државата во која се извршува доставата на еден од следниве начини:

1. со доказ за прием

2. без доказ за прием

3. достава на застапник, полномошник.

1.1. Доставата со доказ за прием се нарекува уште и достава со целосна сигурност на европскиот платен налог, а доставата без доказ за прием се нарекува уште и достава со висок степен на веројатност на европскиот платен налог. Преку овој начин за достава на европскиот платен налог, кој како минимални стандарди согласно Регулативата 1896/2006, треба да се обезбеди правна заштита на тужениот во постапка за извршување на европскиот платен налог.

Станува збор за начин на достава на европскиот платен налог до тужениот, кои не се хиерархиски подредени. Во доставата со доказ за прием од тужениот на европскиот платен налог влегуваат:

1. непосредна лична достава

2. посредна лична достава

3. поштенска достава и

4. електронска достава.

2.1. Во доставата без доказ за прием од тужениот влегуваат следните начини на достава на европскиот платен налог:

– достава на куќна адреса

– достава во работните простории на тужениот

– достава во поштенско сандаче

– депозит во пошта или управни власти

– поштенска достава без доказ за прием и е-маил сервис со електронско потврдување.

3.1. Доставата до застапник се врши на еден од начините предвидени во одредбите од чл. 13 и 14 од Регулативата 1896/2006 година.

Ваквиот начин на достава треба да се применува во случаите кога тужениот не може да се застапува сам пред суд како и во случај на правно лице и кога лицето кое го застапува тужениот определено со закон, како и во случаите кога тужениот си овластил друго лице, особено адвокат, да го застапува во одреден судски предмет постапка.[110]

Начините на доставата кои се предвидени со Регулативата 1896/2006 се засноваат на околностите кои, доколку доставата е извршена со доказ за преземање од страна на обвинетиот кој гарантира безбедност и сигурност, додека, ако се работи за достава без доказ за прием од страна на тужениот се гарантира веројатноста дека е доставено писменото, односно тоа стигнало до примачот.

Ако пак доставувањето се врши со лична достава на лична адреса на тужениот до лица кои живеат таму во исто домаќинство со тужениот (или се вработени во него), односно ако се работи за самовработено лице до тужениот или правно лице, а се врши лична достава до канцеларијата на тужениот, доставата се врши во работниот простор на лица вработени кај обвинетиот, оваа достава ќе се смета за успешна само доколку затечените лица навистина го примиле или го прифатиле европскиот платен налог.

7.8. Оспорување на европскиот платен налог

Тужениот, во одредени ситуации, може да го оспори европскиот платен налог. Постапката за оспорување на европски платен налог е шематизирана постапка, која се води со користење на стандардни обрасци.

Оспорувањето се врши со приговор. Приговорот се поднесува со образец F кој содржи информации за судот, странките и изјавата за приговор против европскиот платен налог, датумот на издавање на европскиот платен налог и потписот на подносителот на приговорот.

[110] Преамбула (22) од Регулативата 1896/2006

Судот ќе го прифати и приговорот кој не е доставен на пропишаниот образец F и кој не е образложен. Откако судот ќе го прими приговорот, редовната граѓанска постапка продолжува во согласност со правилата на состојбата на судот, освен ако тужителот при поднесувањето на барањето за издавање на европскиот платен налог експресно изјавил дека не сака да оди во судски спор.

Приговорот со кој оспорува европски платен налог, тужителот мора да го достави во рок од 30 дена од денот на приемот на европскиот платен налог до надлежен суд. Во приговорот, тужениот точно мора да наведе дека го оспорува европскиот платен налог, но не мора да ги наведе причините за оспорување на приговорот.

Приговорот задолжително мора да биде потпишан од тужениот или во одредени случаи од застапникот на тужениот и мора да биде поднесен во писмена форма или во која било друга комуникациска форма, најчесто електронски.

Во ситуација, доколку тужениот го поднесе електронски, мора да бидат задоволени условите од Регулатива (ЕУ) бр. 910/2014.[111] Приговорот на тужениот на европскиот платен налог во дозволениот и предвидениот рок од 30 дена предизвикува продолжување на постапката пред надлежниот суд на државата на потекло, согласно со правилата на граѓанската постапка на конкретното национално право, освен ако обвинителот изречно побарал да се прекине постапката во тој случај.

Постапката продолжува во согласност со правилата од европската постапка за мали побарувања утврдена во Регулативата (ЕЗ) бр. 861/2007, доколку е применливо, со оглед на вредноста од 5.000 евра или секоја релевантна национална граѓанска постапка.

Тужителот, ако не навел која од постапките, дали европска постапка за мали побарувања или друга национална граѓанска постапка која одговара, бара да се примени, тогаш постапката се пренесува во соодветната национална граѓанска постапка, освен ако тужителот конкретно побарал таквото пренесување да не се изврши. Доколку барателот поднел барање преку европската постапка за платен налог

[111] Регулатива (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции во внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/ЕЗ со CELEX број 32014R0910

со ништо во националното право не ја доведува во прашање неговата положба, во подоцнежната граѓанска постапка. Пренесувањето во граѓанска постапка во смисла на ставот 1, точки (а) и (б) е регулирано со правото на земјата членка на потекло.

Тужителот ќе биде известен од судот дека туженият поднел приговор во смисла да се обезбеди процесна рамнотежа и рамноправност на странките во постапката за издавање европски платен налог[112] и за пренесување на постапката според правилата на редовна процесна постапка.

7.9. Укинување на егзекватурата

Европски платен налог, кој станал извршен во државата членка на потеклото се признава и извршува во друга држава членка без потреба за прогласување извршност и без можност за оспорување на признавањето. Со самото тоа се олеснува слободното движење на европските платни налози преку заобиколување на постапките на егзекватура, кои ги регулираат и бараат класичните инструменти на меѓународното граѓанско процесно право.

Условите дека европскиот платен налог станал извршен, кои ги уредува државата членка од која потекнува европскиот платен налог, се сметаат за исполнети ако во рок од 30 дена, притоа ценејќи го и примерниот временски период за примање на приговорот, до судот на државата членка на потекло не е поднесен ни еден приговор.

Со пополнување на стандардниот Образец G кој е даден и утврден во Прилог VII од Регулативата 1986/2006, судот на државата членка на потекло на европскиот платен налог го прогласува за извршен. Притоа формалните услови за извршност на европски платен налог ги уредува правото на државата на потеклото, а не Регулативата 1896/2006.

На овој начин извршниот европски платен налог кој судот на државата членка на потеклото ќе го испрати на тужителот се извршува и признава во друга држава

[112] Uredba (EU) 2015/2421 Europskog parlamenta i Vijeća od 16. prosinca 2015. o izmjeni Uredbe (EZ) br. 861/2007 o uvođenju europskog postupka za sporove male vrijednosti i Uredbe (EZ) br. 1896/2006 o uvođenju postupka za europski platni nalog-članак 2, čl. 17

членка без потреба за прогласување на извршност или можност за оспорување на признавањето на налогот.[113]

7.10. Европа без егзекватура – отворени прашања

Укинувањето на егзекватурата[114] е идеолошка замисла на европскиот законодавец, која се балансира со зголемување на процесните гаранции за фер судење на должникот како странка во постапката и концентрирана контрола врз постапката за донесување на пресудата.

Нејзиното целосно елиминирање го бараат Амстердамскиот договор, Зелената книга на Европската Унија, Самитот во Тампре, Програмата од 2000 година, Хашката и Стокхолмската програма, зашто е неспорен фактот „дека таа е *intermediante* постапка“ помеѓу когнициската постапка за донесување на пресудата и извршната постапка што ја отежнува „петтата слобода на пазарот на ЕУ“ – слободното движење на пресудите.

Во врска со ова во комунитарното право се направени четири чекори, чекори кон *Европа без егзекватура* и тоа:

1) Трансформација на Бриселската конвенција во Регулативата 44/2001 со што беше поедноставена постапката за признавање и извршување на пресудите;

2) Регулативата 2201/2003, со која беше укината постапката за егзекватура најпрво кај пресудите во семејните парници;

3) Регулативите 805/2004 и 1896/2006, со кои се бара укинување на егзекватурата во делот на неспорните побарувања и

4) Регулативата 4/2009 со која се бара нејзино потполно елиминирање и делот на спорните побарувања[115];

---

[113] Procesno pravni aspekti prava EU, Pravni fakultet Sveučilišta Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku, Paula Poretti, 3.5 - str. 120

[114] old.jpacademy.gov.mk, Поимот на егзекватурата во меѓународното процесно право го опфаќа признавањето на правното дејство на странските судски одлуки на домашна територија, како и нивното извршување. Со други зборови, да се признае и изврши странска пресуда, тоа значи да се изедначи во дејството со домашните одлуки.

[115] Uredba vjeća (EZ) br. 4/2009 od 18. prosinca 2008. Godina, o nadležnosti, mjerodavnom pravu, priznavanju i izvršenju sudskih odluka te suradnji u stvarima koje se odnose na obvezu uzdržavanja.

Регулативата 1896/2006 предвидува дека, ако се почитувани минималните стандарди во когницискатa постапка во државата членка на потеклото на пресудата, доверителот во државата членка на извршувањето нема потреба да добие решение за извршување на европскиот платен налог.

Со ова се избегнува можниот трифазен процес на постапката за егзекватура според механизмот на Регулативата 44/2001, преку префрлање на контролата на пресудата од државата членка на извршување во државата членка од која потекнува таа (принцип home advantage на доверителот).

На овој начин се обезбедува слободен проток на европските платни налози и се поедноставува, се забрзува и се намалуваат трошоците во прекуграничните спорови заради оставрување неспорните парични побарувања на странките.

7.11. Преиспитување во вонредни случаи

По истекот на рокот за приговор на тужениот кон европскиот платен налог, тужениот не е без правна заштита. Имено, доколку постојат одредени вонредни случаи тужениот може да бара преиспитување на европскиот платен налог и тоа пред националниот суд на потеклото на одлуката. Тужениот може да бара преиспитување на европскиот платен налог доколку доставата на европскиот платен налог е извршена без доказ за прием од тужениот, согласно членот 14 од Регулативата 1896/2006[116] и доколку без вина на тужениот, доставата на европскиот платен налог му била извршена така што немал доволно време да ја подготви својата одбрана, или пак, доколку не по своја вина тужениот бил оневозможен да поднесе приговор во врска со побарувањето поради виша сила или вонредни околности, под услов доколку во секој случај тужениот постапува без непотребно одлагање.[117]

По истекот на рокот од 30 дена за приговор на тужениот против европскиот платен налог, тужениот има право да бара проверка на европскиот платен налог пред надлежниот суд во државата членка каде што европскиот платен налог очигледно бил

---

[116] Регулативата 1896/2006 од 12 декември 2006 година на Европскиот парламент и Советот, член 14, Достава без доказ од страна на тужениот

[117] Регулативата 1896/2006 од 12 декември 2006 година на Европскиот парламент и Советот, член 20

издаден неправилно, согласно со условите на Регулативата 1896/2006 или поради вонредни околности. Во ситуација доколку судот го одбие барањето на тужениот со кое тој бара преиспитување на европскиот платен налог, европскиот платен налог останува правовалиден. Во ситуација пак, доколку судот го усвои барањето на тужениот со кое тој бара преиспитување на европскиот платен налог, европскиот платен налог станува ништовен.

7.12. Извршување на европскиот платен налог

Во ситуација доколку тужениот не поднесе приговор на европскиот платен налог во предвидениот рок, сметан заедно со разумен рок за негов прием, судот на потеклото без никакво одлагање ќе го прогласи европскиот платен налог за извршен. Постапката за прогласување на европскиот платен налог за извршен, исто така е шематизирана постапка, која се води со стандардни обрасци.

Најсериозни проблеми на постапката за извршување се непостоењето универзален европски инструмент што би осигурал униформно признавање и извршување на странските одлуки и принципот на територијалност. На ова се надоврзуваат и културните и структурните разлики помеѓу државите членки во сферата на извршувањето, кои *in ultima linea* ја загрозуваат правната сигурност на странките во самата постапка. Несомнено „кризата на државниот монопол во сферата на извршувањето на судските одлуки е само почеток на империумот за европско извршување...“

Регулативата 1896/2006 не воведува европски процес за извршување. Таа дозволува извршната постапка, како посебна граѓанска постапка, *de jure condendo* да се спроведува по правото на државата членка на извршување согласно со *Lex fori*, односно според законот на државата во која се бара признавање на странската судска одлука и *Lex nationalis processus* преку почитување на принципот на еквиваленција на националниот со странските извршни наслови и преку директно признавање на странските судски одлуки, не определувајќи притоа фиксен рок за спроведување на извршувањето. *Ipso iure* (без формална постапка) признавањето на странските судски одлуки значи дека во државата членка на извршување не се дава извршност на

европскиот платен налог врз основа на посебна постапка за признавање, туку по автоматизам, како апстрактно правно дејство.

Со ова, за првпат комунитарното право целосно ја укинува постапката за признавање и извршување на европскиот платен налог и со самото тоа го олеснува извршувањето. Ова значи дека европскиот платен налог се извршува под исти услови како и одлука што е донесена во државата членка на извршувањето. Тужителот може да бара извршување на европскиот платен налог доколу достави примерок од европскиот платен налог, кој судот на државата членка на потеклото го прогласил за извршен и кој ги исполнува неопходните услови за веродостојност и по потреба доколку достави превод на европскиот платен налог на службениот јазик на државата членка на потеклото или доколку во таа држава има повеќе службени јазици на јазикот, кој се користи во судската постапка во местото каде што се бара извршување согласно со правото на таа држава, или пак, на друг јазик, кој државата членка дала известување до европската комисија дека е прифатлив.

Документите што ги поднесува тужителот, треба да ги задоволуваат условите за автентичност, што го оневозможува тужителот да може да бара извршување на истиот европски плетен налог повеќе пати. Тужителот во постапката со која бара извршување на гаранција за европскиот платен налог не е должен да даде обезбедување или извршувањето во судот на државата членка на извршувањето. Забраната за *iudicati cautio solvi* значи дека извршувањето на европскиот платен налог не може да се условува со поднесување на гаранција, обезбедување или депозит само поради фактот што странката што бара извршување нема живеалиште или престојувалиште во државата членка на извршувањето.

7.13. Одбивање, запирање и ограничување на извршувањето

Регулативата 1896/2006 можностите за блокирање на признавањето и извршувањето на европскиот платен налог поради *nonenforcement* ги сведува на минимум преку укинување или намалување на причините за одбивање на извршувањето (судир со претходна пресуда и јавен поредок) и преку неможноста да се преиспитува пресудата од аспект на нејзиниот меритум (содржина) во државата членка на извршувањето. Со ова и правните средства на туженият во државата членка

на извршување ограничуваат на можноста тој да поднесе барање за одбивање на извршувањето или да бара одложување или ограничување на извршувањето.

Регулативата 1896/2006 како единствена *de jure* причина да се одбие извршувањето ја воведува некомпатибилноста помеѓу пресудите (европскиот платен налог и домашна пресуда), при што не воведува причини за одбивање на извршувањето *ex officio*. Целта на институтот одбивање на извршувањето е да се спречи судирот меѓу две пресуди, од практичен аспект, кога тие се „дивергентни“, односно кога имаат правни последици што меѓусебно се исклучуваат. Судирот на пресудите не може да се процени или предвиди во извршната постапка, но се забележува при фактичкото спроведување на пресудите.

Согласно со Регулативата 1896/2006, барањето за одбивање на извршувањето го поднесува тужениот до надлежниот суд на државата членка на извршувањето и на него паѓа товарот на докажување на причините за одбивање на извршувањето. Тужениот може да бара извршувањето на европскиот платен налог да биде одбиено ако тоа е некомпатибилно со претходно донесена пресуда во која било држава членка или трета држава, ако кумулативно:

1) претходната пресуда се однесува на истата причина за започнување на постапката и е донесена во постапка помеѓу истите странки, и

2) ако претходната пресуда е донесена во државата членка на извршувањето или ги исполнува претпоставките за признавање во државата членка на извршувањето и

3) кога некомпатибилноста не можела да биде истакната како приговор во државата членка на потеклото. Европскиот платен налог во никој случај не смее да се преиспитува од аспект на содржината во државата членка на извршувањето.

Ако се јават недостатоци во постапката за добивање на европскиот платен налог, тужениот може да поднесе и алтернативно барање за запирање или ограничување на извршувањето до надлежното судско тело на државата членка на извршувањето и тоа само кога извршната постапка е во тек за да ја ограничи извршната постапка на привремени мерки или да го услови извршувањето со гаранција или да ја одложи извршната постапка во вонредни околности.

Овие правни лекови ги определува *lex fori* на секоја држава членка, посебно при што се забележуваат големи разлики, различни национални процесни законодавства. Со ова барање се отстапува од темелното начело тужениот да се брани само по правото на државата членка на потеклото.

8. Примената на европскиот платен налог во Хрватска, како земја членка на Европската Унија

8.1. Постапката во врска со издавањето на европскиот платен налог во Република Хрватска

Предмет на оваа задача е и анализата на законските прописи и судската пракса во врска со издавањето на европскиот платен налог, а целта е да се согледа како земјите го решаваат приспособувањето на европската регулатива со националното законодавство, како пример и на РС Македонија како идна земја членка на ЕУ и за идна употреба на овој инструмент, кој е применет во Република Хрватска од денот на нејзиното пристапување во Европската Унија, од јули 2013 година, а се користи според статистиките во малку случаи. Судовите се надлежни да издаваат европски платен налог во Република Хрватска. Тоа е инструмент кој се користи за наплата на побарувања од странски правни и физички лица, должници, без потреба од познавање на јазиците на Европската Унија.

Со примената на Регулативата во Република Хрватска се извршени законодавни измени и дополнувања. Во Законот за парнична постапка е воведен посебен дел IV: ЕВРОПСКИ ПАРНИЧИ ПОСТАПКИ, ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ СУДСКА СОРАБОТКА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА – кој стапи во сила со пристапувањето на Република Хрватска во Европската Унија. Донесен е и Правилник за начинот на поднесување барање за издавање европски платен налог и жалби против европскиот платен налог (Сл. 124/2013) – имплементационен документ на Регулативата за европски платен налог, кој стапил во сила во октомври 2013 година[118].

[118] Pravilnikom o načinu podnošenja zahtjeva za izdavanje europskoga platnog naloga i prigovora protiv europskog platnog naloga (Narodne novine, 124/13) (u nastavku Pravilnik).

Според хрватскиот Закон за парничната постапка[119], е пропишана постапката во врска со издавањето на европскиот платен налог во Република Хрватска.

Со одредбата од чл. 507, став 1, од хрватскиот Закон за парничната постапка е определено дека за одлучување по барања за издавање и разгледување, како и за издавање потврда за извршност на европскиот платен налог според Регулатива бр. 1896/2006 година, исклучиво надлежен е Стопанскиот суд во Загреб.

Извршени се измени и дополнувања во однос на надлежноста за постапување по Европскиот платен налог во Хрватска и измената на Законот за парничната постапка стапила на сила на 1 јуни 2019 година, дошло до промени во надлежноста за одлучување по барањата за издавање и преиспитување, како и за давање потврда за извршност на европскиот платен налог така што сега гласи: За одлучување по барањата за издавање и преиспитување, како и за давање потврда за извршност на европскиот платен налог, согласно Регулативата 1896/2006, надлежен е општинскиот односно трговскиот суд, ако се работи за предмети од стварна надлежност на трговските судови, согласно престојувалиштето или вообичаеното живеалиште, односно седиште на тужениот.

Начинот на поднесување на барањето за издавање на европскиот платен налог е пропишано со Правилник за начинот на поднесување барање за издавање европски платен налог и приговор против европскиот платен налог (Сл. 124/2013) – имплементационен документ на Регулативата за европски платен налог, кој стапил во сила во октомври 2013 година.

Одредбите од Правилникот[120] предвидуваат дека барањето за издавање европски платен налог и приговорот против европскиот платен налог мора да се поднесе на обрасците пропишани со Регулативата на Европскиот парламент и Советот од 12 декември 2006 година за воведување европска постапка за платен налог, додека членот 3 од Правилникот предвидува дека поднесоците од членот 2 од Правилникот мора да се достават до надлежниот суд во хартиена форма директно или по пошта.

[119] Zakonom o parničnom postupku (Narodne novine, 53/91, 91/92,112/99, 88/01, 117/03, 88/05, 02/07, 84/08, 96/08, 123/08, 57/11, 148/11 (pročišćeni tekst), 25/13, 89/14 i 70/19 (u nastavku ZPP), odredbama čl. 507. – 507. nj, propisan je postupak u vezi s izdavanjem EPN-a u RH.

[120] Pravilnikom o načinu podnošenja zahtjeva za izdavanje europskoga platnog naloga i prigovora protiv europskog platnog naloga (Narodne novine, 124/13), član 2

Закон за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка стапил во сила на 1 септември 2019 година и е важна новина во однос на претходните одредби од ЗПП, чл. 507 и избришаната одредба според која за одлучување по барања за издавање и разгледување, како и за издавањето потврда за извршност на европскиот платен налог беше исклучиво одговорност на Стопанскиот суд во Загреб.

Според измената на Хрватскиот Законот за парничната постапка, пропишана во член 111, надлежен е општинскиот суд, а доколку е за предмети од материјална надлежност на стопанските судови надлежен е стопанскиот суд според живеалиште, односно вообичаено живеалиште или седиште на обвинетиот.

Во одредбите на Хрватскиот Закон за парнична постапка[121] е предвидено дека кога тужениот ќе поднесе приговор против Европски платен налог, понатамошна постапка се спроведува во согласност со правилата на Европската постапка за мали побарувања утврдени во Регулативата (ЕЗ) бр. 861/2007 [122]на Европскиот парламент и Советот од 11 јули 2007 година за воведување на европската процедура за мали побарувања (во натамошниот текст Регулатива бр. 861/2007).

Доколку наведените правила од Регулативата бр. 861/2007 не можат да се применат, постапката ќе се спроведе согласно одредбите од хрватскиот закон за парнична постапка, за постапката по повод приговор против платен налог, согласно одредбите од членот 17 од Регулативата бр. 1896/2006 година.

Главната разлика помеѓу европската постапка за спорови од мала вредност и поднесувањето барање за издавањето европски платен налог е износот на побарувањето што е потребно за примена на одредена постапка или постапка за спорови од мала вредност се применува само кога износот на побарувањето не го надминува износот од 5.000,00 евра без камата, а не постои максимално дозволен износ за побарувањата при аплицирање за издавање европски платен налог.

Во хрватското право за постапување по постапките за европски платен налог, се наметнала потребата за размислување и околу трошоците во постапката на издавање на европскиот платен налог.

---

[121] Zakonom o parničnom postupku (Narodne novine, 53/91, 91/92,112/99, 88/01, 117/03, 88/05, 02/07, 84/08, 96/08, 123/08, 57/11, 148/11 (pročišćeni tekst), 25/13, 89/14 i 70/19.

[122] Uredba (EZ) br. 861/2007 Eurosposkog parlamenta i vjeća od 11. srpnja 2007. o uvođenju europskog postupka za sporove male vrijednost.

Имено, според членот 24 од Регулативата 1896/2006 е предвидено застапувањето од адвокати или други правни експерти да не е задолжително: за тужителот во врска со барањето за европски платен налог; за туженият во врска со приговорот на европскиот платен налог.

Судот врз основа на одредбите од чл. 155 од хрватскиот Закон за парнична постапка[123] ги одбил трошоците за застапување на адвокат во висина на Тарифата за судски такси во Хрватска, како непотребни и не ги досудил.

Во одредбите на хрватскиот Закон за судските такси е предвидено странката да ја плати судската такса за тужба со предлог за издавање платен налог, кој се изедначува со барањето за издавање европски платен налог, како и решението за платниот налог кое се поистоветува со решението со кое се одлучува по барањето за издавање европски платен налог (издава европски налог/го одбива барањето), се во согласност со т. бр. 1, т. 2 и т. бр. 2, т. 4. Тарифа на судски такси, која е составен дел на Законот за судски такси. Според тоа е дадена и Сентенца од 1.3.2019 г., на Високиот стопански суд на Република Хрватска.

Со пристапувањето на Република Хрватска во ЕУ, сите нејзини граѓани имаат можност за директна наплата на побарувањата во рамките на Европската Унија преку Европскиот платен налог. Регулатива (ЕЗ) бр. 1896/2006 на Европскиот парламент и на Советот од 12 декември 2006 година, со кој е воведена постапката на европскиот платен налог (SL, L 399 од 30 декември 2006 година, с. 1), а се овозможува брза и ефикасна наплата на неподмирени долгови а за кои не постои спор меѓу договорните страни.

На овој начин, сите доверители од Република Хрватска можат да бараат издавање на европски платен налог против нивните должници директно во рамките на Европската Унија (освен во Данска). Европскиот платен налог е инструмент кој се користи за наплата на побарувања од должници кои се физички и правни лица. Наменет е за едноставно ракување и не е неопходно да се познаваат други јазици на Европската Унија за да се користи овој инструмент за наплата.

[123] Zakonom o parničnom postupku (Narodne novine, 53/91, 91/92, 112/99, 88/01, 117/03, 88/05, 02/07, 84/08, 96/08, 123/08, 57/11, 148/11 (pročišćeni tekst), 25/13, 89/14 i 70/19.

Постапката за издавање европски платен налог е со цел да се обезбеди единствена и усогласена европска постапка за наплата на неспорни побарувања и брза и ефективна наплата на неподмирени долгови во врска со кои нема правни спорови – принцип на заемно признавање на одлуките во граѓански и трговски предмети. Овозможува ефикасна наплата во прекугранични случаи, ги поедноставува и забрзува прекуграничните постапки поврзани со неспорни парични побарувања и ги намалува на трошоците при наплата на таквите побарувања – остварување на начелата на заемна доверба и правосудство на државите членки на ЕУ.

Европскиот платен налог издаден во една држава членка автоматски станува извршлив во друга држава членка и треба да се смета како да е издаден во државата членка во која се бара извршувањето. Во националното право, најслична е постапката по предлогот за донесување решение за извршување врз основа на веродостојни исправи.

Европскиот платен налог е писмена постапка и не вклучува судско рочиште, а во случај на оспорување на европскиот платен налог, постапката се запира. Постапката по приговор на европскиот платен налог му стои на располагање на тужениот – дали сака да ја продолжи постапката, која потоа се спроведува согласно друга соодветна постапка. Според членот 507 од хрватскиот Закон за парничната постапка е пропишано: Доколку обвинетиот поднесе приговор против европскиот платен налог во смисла на одредбите од член 16 од Регулативата бр. 1896/2006, натамошна постапка ќе се спроведе по правилата на европската постапка за мали побарувања утврдени во Регулативата бр. 861/2007, доколку се применливи, а доколку не се, согласно одредбите од овој Закон за постапка по жалби против платен налог (член 445 а, членови 451 до 456), притоа почитувајќи ги одредбите од членот 17 од Регулативата бр. 1896/2006 година.

Регулативата бр. 1896/2006 е изменета и дополнета со Регулатива бр. 936/2012 од 4 октомври 2012 година, Анексот на Уредбата бр. 1896/2006 (во натамошниот текст Регулатива 936/2012). Со Регулативата бр. 936/2012 е променета само содржината на прилозите или обрасците од A до G. Регулативата бр. 1896/2006 предвидува седум стандардни обрасци означени како Анекси I, II, III, IV, V, VI, VII, или форма A, B, C, D, E, F и G. Овие прилози или обрасци беа последователно изменети со Регулатива бр. 936/2012.

На 14.07.2017 година, врз основа на Правилникот бр. 2015/2421 на Европскиот парламент и Советот од 16 декември 2015 година за изменување и дополнување на Регулативата бр. 861/2007 и Регулатива бр. 1896/2006 година (во натамошниот текст Регулатива бр. 2015/2421) и Одлуката на Европскиот парламент за неприговарање на делегираната регулатива на Комисијата, на 19 јуни 2017 година за замена на Анекс I на Регулативата бр. 1896/2006 година се применува конечно изменетиот Анекс т. е. пријавата за европскиот платен налог А, имајќи предвид дека измените од 2017 година, на доверителот или на тужителот му се овозможува да избере дали сака да ја продолжи постапката согласно правилата на европската постапка за спорови од мала вредност, ако должникот или туженият поднесат приговор на платниот налог.

Сепак, доколку тужителот може да ја користи горенаведената опција, пропишана со измените од 2017 година, тужбеното барање мора да ги исполнува барањата на постапката за мали побарувања.

Според Извештајот на Европската комисија до Европскиот парламент, Советот и Европската економска и до Социјалниот комитет за примена на Регулативата бр. 1896/2006 (во натамошниот текст Извештајот) од 13.10.2015 година, произлегува дека судовите на земјите членки на ЕУ добиваат меѓу 12.000 и 13.000 барања за европски платни налози годишно.[124]

Помеѓу 300 и 700 барања се примаат годишно во Белгија, Чешка, Франција, Унгарија, Холандија, Португалија и Финска. Најмногу барања (повеќе од 4.000 годишно) се примаат во Австрија и Германија, каде што беа издадени поголемиот дел од европски платни налози.

Според податоците на Стопанскиот суд во Загреб, кој од 1 јули 2013 година до 1 септември 2019 година бил единствениот суд надлежен на целата територија на Република Хрватска за постапките поврзани со издавање европски платни налози, а заклучно со 14 октомври 2020 година се примени 855 предмети со регистарска ознака П-еу, од кои 483 се издадени, одбиени – 102 и одбил пет барања за издавање европски платни налози.

[124] Izvjšče Komisije Europskog pralamentu, vjeću I europskom gospodarskom i socijalnom odboru o primjeni Uredbe (EZ) 1896/2006 Europskog parlamenta i Vijeća o uvođenju postupka za europski platni nalog, str. 3, достапно на линкот: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/HR/TXT/?uri=CELEX:52015DC0495

Другите случаи се со статус „во разрешница“, „доделени“, „споени“, „променет регистар“ или „погрешен регистар“. Според податоците, заклучно со 9 октомври 2020 година, во Република Хрватска, пред општинските судови (кои се надлежни од 1 септември 2019 година) поднеле незначителен број барања за издавање европски платен налог; на пример пред Општинскиот суд во Задар поднесени се четири барања за издавање европски платен налог; пред Општинскиот суд во граѓанскиот суд во Загреб поднесени се 29 барања за издавање европски платни налози. Во Осиек е поднесено едно барање за издавање европски платни налози и пред Општинскиот суд во Сплит е поднесено едно барање за издавање европски платни налози.

Со споредување на податоците за годишниот број примени барања за издавање европски платен налог во Австрија или Германија (повеќе од 4 000) со просечен број примени барања за издавање европски платен налог во Република Хрватска (во просек околу 122 годишно) не е тешко да се заклучи дека во Република Хрватска очигледно постои проблем на незнаење или можеби страв во примената на законодавството на ЕУ.

И покрај споменатите предности за издавање европски платни налози, и покрај можноста за примена на оваа постапка во Република Хрватска од јули 2013 година, главната пречка е што споменатата постапка не е прифатена во поголема мера во Република Хрватска, правните и физичките лица се недоволно едуцирани за постоењето на европски платни налози и неговата едноставност.

Затоа, правните експерти сметаат дека неопходно е проактивно да се подобри состојбата во соработка со Министерството за правда во Хрватска за имплементација и промоција на употребата на европскиот платен налог како едноставен, брз и корисен инструмент за наплата на побарување.

Табела 4: Преглед на податоци од P-eu регистар од 1 декември 2020 година, за период од 2015 година до 2020 година

Статус на предмети по европски платен налог во сите судови во Р Хрватска						
Решени	**Во решавање**	**Променет записник**	**Отстапени**	**Архивирани**	**Затворени**	**Погрешно запишани**
234	**86**	**159**	**37**	**326**	**142**	**9**
Вкупно: 997 предмети						

Извор на податоци: Интернет[125]

[125] Nataša Peršić Brleković, Europski platni nalog, str. 4, https://pf.um.si/site/assets/files/5965/ppt_2.pdf

8.2. Судски такси во постапка по европски платен налог

За поведување на постапката за европски платен налог се плаќа судска такса во Република Хрватска.[126] Според членот 5 од Законот за судски такси, таксите пропишани со Тарифата се плаќаат безготовинско, во готово, во таксени државни марки на Република Хрватска или по електронски пат. За поднесоци во електронска форма, согласно посебните прописи преку информацискиот систем што се користи во судското работење, се плаќа такса во моментот на нивното поднесување, во висина од половина од пропишаниот износ на таксата утврдена со Тарифата.

Решенијата донесени од судот во електронска форма согласно посебните прописи преку информацискиот систем што се користи во судското работење подлежат на такса во висина од половина од пропишаниот износ на таксата утврдена со Тарифата доколку се плати во рок од три дена, сметано од денот на електронското доставување на решението.

Во постапката за европскиот платен налог се плаќаат следните такси:

-на предлогот за Европски платен налог судската такса се плаќа од страна на тужителот

-на решението на Европски платен налог судската такса се плаќа од страна на тужителот

-по приговор против Европски платен налог судската такса се плаќа од страна на тужениот

Доколку постапката за издавање на Европски платен налог, премине во граѓанска постапка

-на пресудата судската такса се плаќа од страна на тужителот

-по жалба судската такса ја плаќа жалителот

-за одговор на жалба – тужениот плаќа судска такса (но не е задолжително да даде и поднесе одговор на жалбата).

[126] Достапно на: https://e-justice.europa.eu/- Sudske pristojbe u postupku europskog platnog naloga, Hrvatska

Табела 5: Преглед за плаќање судска такса

I. За тужба, противтужба, пресуда и приговор против платен налог се плаќа судска такса според вредноста на предметот на спорот (вклучена е само вредноста на главното побарување без камата и трошоци), и тоа:		
над	до куни	куни
0,00	3.000,00	100,00
3.001,00	6.000,00	200,00
6.001,00	9.000,00	300,00
9.001,00	12.000,00	400,00
12.001,00	15.000,00	500,00
Над 15.000,00 куни се плаќа такса од 500,00 куни и уште 1 % од разликата над 15.000,00 куни, но не повеќе од 5.000,00 куни.		

Извор: https://e-justice.europa.eu/

II. За предлогот за европски платен налог, решение за европски платен налог, одговор на жалба и ревизија, се плаќа половина од судската такса од точка I.

III. За жалба на пресудата и ревизијата се плаќа двојниот износ на судската такса од точка I.

IV. Доколку во текот на судската постапка се склучи судска спогодба, судската такса не се плаќа.

– Вонреден правен лек – против решението на второстепениот суд е дозволена ревизија доколку вредноста на предметот на спорот надминува 200.000,00 куни.(хрватска валута)

– Судската такса ја плаќа подносителот на ревизијата и лицето кое доставува одговор на ревизијата (одговорот е изборен).[127]

Доколку странката не ја плати таксата во пропишаниот рок или за тоа не го извести судот без одлагање, судот во дополнителен рок од 15 дена ќе приложи потврда за извршност на решението за таксата или на решението на приговорот и заради

[127] Достапно на: https://e-justice.europa.eu/- Sudske pristojbe u postupku europskog platnog naloga, Hrvatska

присилна наплата го доставува до Агенцијата за финансии за извршување со паричните средства на партијата, согласно со одредбите од законот со кој се уредува извршувањето на средствата.

Според членот 28 од Законот за судските такси,[128] судот прво ја опоменува странката која е присутна на судската постапка за која треба да се плати такса, а не ја платила таксата веднаш, да ја плати таксата во рок од 3 дена. Доколку странката не го испочитува, опомената или не била присутна на судската постапка за која мора да се плати такса, а не ја платила таксата, судот донесува решение за таксата за која се наплаќа дополнителна такса во износ од 100 куни.[129]

Судските такси се плаќаат безготовинско, во готово, во државни обврзници издадени од Република Хрватска или по електронски пат. Таксата во готовина може да се плати и во сметководството на судот, кој е должен овие пари да ги уплати во буџетските приходи од судски такси во рок од пет дена од денот на наплатата. Надоместоците може да се платат во државни обврзници ако износот на надоместоците е помал од 100 куни.

Информациите за начинот на плаќање на судската такса се прикажани на веб-страницата e-Oglasna ploča, веб-страниците на судовите и во судските канцеларии.

Судските такси се плаќаат преку која било банка или пошта на сметката на државниот буџет на Република Хрватска.

По плаќањето на судската такса, до судот што ја води судската постапка во кој се плаќа судската такса мора да се достави доказ за уплатата, со назнака за бројот на предметот што се води (ако веќе е познат бројот на предметот) со самото барање мора да биде придружена потврда за извршената уплата или ако штотуку е направено барањето за издавање европски платен налог, странките доставуваат писма до судовите по пошта (препорачана или обична пошта) или во електронска форма во согласност со посебни прописи преку информацискиот систем што се користи во судското работење.[130]

[128] Zakona o sudskim pristojbama, NN 118/18, 51/23 u snazi od 20.05.2023 god., čl. 28
[129] Достапно на: https://e-justice.europa.eu/- Sudske pristojbe u postupku europskog platnog naloga, Hrvatska
[130] https://e-justice.europa.eu/- Sudske pristojbe u postupku europskog platnog naloga, Hrvatska

9. Судска пракса од Судот на правдата, како пример за практична примена

Бидејќи станува збор за целосно нов правен институт кој може да се примени во наплатата на побарувањата, исклучително е важно странките да се повикуваат на соодветната судска пракса на Судот на правдата, за да можат хрватските граѓани, како и останатите граѓани на земјите членки на ЕУ[131], што е можно поскоро и ефикасно да се запознаат со можноста за наплата на нивните побарувања од должниците што се наоѓаат во една од земјите на ЕУ.

Пример 1: Во февруари 2011 година, г-а Широчка, жителка на Република Полска, побарала од Окружниот суд во Вроцлав да ѝ издаде европски платен налог против SiGer Technologie GmbH 6, со седиште во Германија.[132] При испитувањето на барањето, судот утврдил дека тоа не исполнува одредени формални барања од полското законодавство, бидејќи не била наведена вредноста на спорот во полска валута (што е неопходно за да се пресметаат таксите). Во барањето била наведена висината на барањето во евра. Госпоѓа Широчка, исто така посочила дека бара камата од одреден датум до денот на плаќање на главнината.

Во таа ситуација, наведениот суд ја прекинал постапката и побарал од Судот на правдата, претходно мислење за толкувањето на членот 7 од Регулативата 1896/2006 година, особено за тоа дали тој член исцрпно ги наведува сите услови за примена на европскиот платен налог или ги определува само минималните барања, додека другите се утврдени со домашното законодавство. Судот прашал и дали членот 4 од Регулативата 1896/2006 треба да се толкува така што паричните побарувања што произлегуваат од него се однесуваат само на главнината или и на каматата. Кога законодавството на земјата членка не предвидува автоматско пресметување на каматата, дали е можно да се пресмета камата според процедурата на европскиот платен налог, во кој износ и на кој начин.

Судот утврдил дека членот 7 од Регулативата 1896/2006 пропишува различни услови во однос на содржината и формата на барањето за европски платен налог. Ништо во формулацијата на тој член не го оправдува заклучокот дека земјите членки

[131] http://ec.europa.eu/public_opinion/archives/ebs/ebs_351_en.pdf

[132] Судот на правдата на Европската Унија, во случајот C-215/11, Iwon Szyrocka против SiGer Technologie GmbH, од 13 декември 2012 година.

можат слободно да наметнат дополнителни барања кои постојат во националното законодавство во однос на примената на европскиот платен налог, освен во случаи кога самата Регулативата 1896/2006 ја овластува земјата членка да го применува националното право на одредени специфични барања за примена на европскиот платен налог.

Ваквото буквално толкување е поддржано од општата шема на Регулативата 1896/2006, која предвидува дека барањето се одбива исклучиво врз основа на условите содржани во неа. Ова е поткрепено со целта на Регулативата 1896/2006, која претставува единствен инструмент за наплата на таквите побарувања, гарантирајќи ги истите услови за доверителите и должниците насекаде во ЕУ.

Оваа цел би била загрозена доколку земјите членки генерално би можеле да наметнат дополнителни барања за известување во нивното национално законодавство. Ваквите барања не само што би довеле до различни услови во различни земји, туку и примената на постапката би била посложена, подолга и поскапа. Оттука, единственото толкување дека Регулативата ги утврдува условите на исцрпен начин може да обезбеди постигнување на нејзината цел.

Меѓутоа, кога станува збор за пополнување на барањето за европски платен налог, со наведување на вредноста на спорот во националната валута. Заради пресметување такси, дозволено е националниот суд да се повика на членот 25 (2) од Регулативата 1896/2006, кој предвидува дека висината на судските такси треба да се утврди во согласност со националното законодавство, со услов процедуралните барања поврзани со утврдувањето на судските трошоци да не доведат до прекумерно одолговлекување на постапката или до отфрлање на барањето за европски платен налог.

За толкувањето на Регулативата 1896/2006, во однос на пресметката на каматата и особено периодот од рокот на доспевање на каматата до исплата на главнината, Судот најпрво ја упатил на членот 4 од Регулативата 1896/2006, кој бара паричниот износ кој се бара според постапката да е специфициран и доспеан, додека членот 7 (2) (ц) од Регулативата 1896/2006, пропишува дека доколку се бара камата, во барањето мора да се специфицира, односно да се наведе каматната стапка и периодот за кој се бара каматата.

Овие одредби треба да се толкуваат во согласност со целта на Регулативата 1896/2006, која не е само да се воведе едноставен, брз и ефикасен механизам за наплата на неспорните парични побарувања туку и да се намалат трошоците за таквите парници. Оваа цел не би можела да се постигне доколку Регулативата 1896/2006 се толкува на тој начин што барателот не може да бара камата што доспевала до датумот на плаќање на главнината (туку само таа доспеана пред покренување на постапката), бидејќи тоа би предизвикало барателот да покрене низа или серија други барања. Затоа, ваквото толкување би можело да ја направи постапката подолга и посложена со дополнителни трошоци.

Следи дека членовите 4 и 7 (2) (ц) од Регулативата 1896/2006, мора да се толкуваат како да не го спречуваат барателот во барањето за европски платен налог да бара камата за периодот од датумот на доспевање до датумот на плаќање на главнината.

Кога е наредено плаќањето на барателот на каматата акумулирана до датумот на плаќање на главнината, националниот суд е слободен да го определи начинот на кој треба да биде комплетиран во пракса образецот за европскиот платен налог, содржан во Додаток V од Регулативата 1896/2006, под услов пополнетиот образец да му овозможи на исплатувачот целосно да биде запознаен со одлуката да бара исплата на камата до датумот на плаќање на главнината и јасно да ја одреди каматната стапка и датумот од кој се бара каматата.

На основа на наведената судска одлука, во Извештајот за примена на постапката за европски платен налог[133]е констатирано дека при примената на постапката за европски платен налог се појавиле одреден број правни прашања и е констатирано дека во Регулативата 1896/2006 нема доволно изречни одредби за каматата на основа побарувањето. Тоа е појаснето со судската пракса дека постапката за европски платен налог може да се примени при побарување на камата која доспева во иднина, сè до датумот на плаќање. Ваквите побарувања можат да се олеснат и да се поедностави постапката кога одредени делови на обрасците за европски платен налог ќе бидат подобро објаснети. Друга забелешка е дека целосната автоматизираност на постапката за европски платен налог не е секогаш компатибилна со заштитата на

[133] Izvješće o primjeni postupaka za europski platni nalog, Europski parlament, A8-0299/2016 od 17.10.2016 godina

потрошувачите, како и во сличните постапки на националното право. Според судската пракса[134] иако судовите не би требало да ги разгледуваат правните прашања или ситуации со платниот налог, заради делотворност на Законот за заштита на потрошувачите, тие мораат барем да ја разгледаат договорната одредба на основа која правниот субјект го побарува чесното плаќање спрема потрошувачот. Ако договорната одредба е нечесна, не би требало да се издаден платниот налог. Ова е во согласност со Регулативата бр. 1896/2006 година, во која е наведено дека судот треба да процени дали побарувањето е основано.

Пример 2: Во одлуката на Судот на Европската Унија, заведена под деловен број C-324/12-Novontech-Zala од 21.03.2013 година, стои дека непочитувањето на рокот за поднесување приговор до европскиот платен налог не го оправдува неговото разгледување, согласно членот 20 од Регулативата 1896/2006, бидејќи не е вонредна или исклучителна околност.

Во споените предмети на Судот на Европската Унија, деловен број C-119/13 i C-120/13-Eco cosmetics (C-119/13) i Raiffeisenbank St. Georgen (C-120/13), во решението на Судот од 04.09.2014 година, стои дека Регулатива бр. 1896/2006 треба да се толкува така што доколку европскиот платен налог не се поднесе во согласност со правилата утврдени во членовите 13 до 15 од Регулативата 1896/2006 и процедурите утврдени во членовите 16 до 20 – не се применливи.

Пример 3: Случајот C-245/14, во врска со барањето за прелиминарна одлука врз основа на членот 267 од ТФЕУ, упатено од Handelsgericht Виена (Трговскиот суд во Виена, Австрија), со одлука од 8 април 2014 година, која Судот ја примил на 21 мај 2014 година, во предмет Томас Кук Белгија NV против Thurner Hotel GmbH. Барањето за претходна одлука се однесува на толкување на членот 20, став 2 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1896/2006 година на Европскиот парламент и Советот, од 12 декември 2006 година за воведување на постапката за европскиот платен налог (OJ L 399, стр. 1) во натамошниот текст: Регулатива бр. 1896/2006).

Барањето е поднесено во контекст на спорот помеѓу компанијата Thomas Cook Belgium NV, со седиште во Белгија и Thurner Hotel GmbH со седиште во Австрија, по постапката за европскиот платен налог. Правна рамка е Регулатива бр. 1896/2006

[134] Presuda Suda (prvo vjeće) od 14 lipnja 2012 godina u predmetu C-618/10, Banco Espanol de Credito SA v Joaquin Calderon Camino, ECLI:EU:C:2012:349, točka 57

година. Во воведната изјава 9 од Регулативата бр. 1896/2006 е предвидено: „Целта на оваа Регулатива е поедноставување, забрзување и намалување на трошоците за судски спорови во прекугранични случаи поврзани со неспорни парични побарувања со воведување на европската постапка платен налог. Во воведното тврдење 16 од Регулативата 1896/2006 е предвидено:[135] „Врз основа на информациите дадени во барањето, судот треба да го испита барањето за издавање европски платен налог, вклучително прашање на надлежност и опис на доказите. Ова ќе му овозможи на судот *prima facie* да ја испита основаноста на тужбеното барање и, меѓу другото, исклучува очигледно неосновани или неприфатливи барања. Испитувањето не би требало да го води судија“. Во воведното тврдење 25 од гореспоменатата регулатива се утврдува: „По истекот на рокот за поднесување приговори, во одредени вонредни случаи тужениот треба да има право да бара ревизија на европскиот платен налог. Во вонредни случаи, прегледот не треба да значи дека на обвинетиот му се дава втора шанса за оспорување на побарувањата. Во текот на процесот на ревизија, основаноста на барањето не треба да се оценува надвор од основаноста кои произлегуваат од вонредните околности на кои се повикува обвинетиот. Како други вонредни околности би можеле да вклучуваат случаи кога европскиот платен налог се заснова на лажни информации, што е наведено во формуларот за апликација.“ Во согласност со воведната изјава 29 од Регулативата 1896/2006, нејзината цел е „воспоставување на еднообразно брз и ефикасен механизам за наплата на неспорни парични побарувања низ Европската Унија.

Членот 1, став 1 од Регулативата бр. 1896/2006 година предвидува: „Целта на оваа регулатива е: (а) поедноставување, забрзување и намалување на трошоците за судски спорови во прекугранични случаи кои се однесуваат на неспорни парични побарувања преку воспоставување европска постапка за платен налог;“. Според членот 5 од таа регулатива, „суд на потекло“ значи „суд кој го издава европскиот платен налог“. Во ставот 1 од членот 6 од наведената Регулатива насловен „Надлежност“, се предвидува следново: „За целите на примената на оваа Регулатива, јурисдикцијата се утврдува во согласност со важечките правила на правото на Заедницата, особено во согласност со Регулативата [Совет] (ЕЗ) бр. 44/2001 [од 22 декември 2000 година за јурисдикција, признавање и извршување на судски одлуки во граѓански и трговски. Во

[135] Регулативата 1896/2006 од 12 декември 2006 година на Европскиот парламент и Советот, воведна изјава 9

